БЛАЖЕ КОНЕСКИ

# ПОЕЗИЈА

## Книга втора

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

*THE COMPLETE WORKS OF BLAŽE KONESKI*

A CRITICAL EDITION EDITED
BY MILAN GJURČINOV

*VOLUME II*

BLAŽE KONESKI

# POETRY

BOOK TWO

**Prepared by:**
**Milan Gjurčinov**

Skopje, 2011

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

*ЦЕЛОКУПНИ ДЕЛА НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ*

**КРИТИЧКО ИЗДАНИЕ ВО РЕДАКЦИЈА НА МИЛАН ЃУРЧИНОВ**

***ТОМ II***

БЛАЖЕ КОНЕСКИ

# ПОЕЗИЈА

## КНИГА ВТОРА

Приредил:
Милан Ѓурчинов

Скопје, 2011

Издавач:
Македонска академија на науките и уметностите

Технички уредник:
Виолета Јовановска

Коректура:
Виолета Јовановска
Драгица Топузоска

Компјутерска подготовка:
Драгица Топузоска

Тираж:
500 примероци

Печат: „Македонска ризница“ – Куманово

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-1(081)

КОНЕСКИ, Блаже
Поезија. Кн. 2 / Блаже Конески ; приредил Милан Ѓурчинов. - Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 2011. - 443 стр. ; 23 см. - (Целокупни дела на Блаже Конески : критичко издание / во редакција на Милан Ѓурчинов ; т. 2 = The complete works of Blaže Koneski : a critical edition / edited by Milan Gjurčinov ; vol. 2)

На наспор. насл. стр.: Poetry. B. 2 / Blaže Koneski. – Регистар. - Содржина: Чешмите (1984) ; Послание (1987) ; Црква (1988) ; Златоврв (1989) ; Сеизмограф (1989) ; Небеска река (1991) ; Црн овен (1993)

ISBN 978-608-203-064-7
I. Koneski, Blaže види Конески, Блаже

COBISS.MK-ID 87690250



# ВОВЕД

Последната деценија од животот на Конески (1984–1993) опфаќа еден исклучително плодотворен творечки период како по бројноста така и по високите дострели на неговите нови поетски збирки.

Во еден релативно краток временски интервал Конески ги објавува следниве посебни поетски книги: „Чешмите“ (1984), „Послание“ (1987), „Црква“ (1988), „Златоврв“ (1989), „Сеизмограф“ (1989), „Небеска река“ (1991) и непосредно пред смртта – „Црн овен“ (1993).

Од приредувачот

# ЧЕШМИТЕ
(1984)

*ЧЕШМИТЕ*

## КОЧО РАЦИН

Од сонце, вода и од пот се зачна
на таа песна звукот скрит и таен,
музиката на мугри по ноќ мрачна
и зборот толку свој и толку знаен.

А тоа сонце е припек на пладне
над аргати што тутунот ги чека,
и нема сенка од негде да падне,
за капка вода утробата пека.

А таа вода е бистра и ладна,
а привкусот на таа пот е горок,
и со тој привкус на душата страдна

се роди песна против гнет и порок
и збор се зачу на закана задна,
а гласот беше на трагичен пророк.

## ЧЕШМИТЕ

Од тие чешми со милост во гласот,
со корита од гранит или мрамор,
не еден патник го наоѓал спасот,
да откине од жедост и од замор.

И пafterwards

И прероден ќе седнел тој во ладот
да почека жештината да спласне,
со лебец да го подзалаже гладот
и нешто пипер-патлиџан да касне.

И тука, под тој багрем или круша,
на една мисла ќе го учи умот
за таа чешма – дека има душа.

И најпосле го довел дома друмот,
но често дури на сон ќе го слуша
под мраморот на таа чешма шумот.

## ПИПЕРКИ

Прилепското со пиперки се слави,
со купишта на пазарот ги има,
ги јадеме во салати, во тави,
во туршија ги чуваме за зима.

Ги има живи и лути и благи,
и човек во нив го наоѓа лекот,
со сол и пипер сме крепеле снаги,
со пинџур ни е нам поубав векот.

Ќе дојде есен со своите чари,
во низи пипер секој дом го скрила,
чардаците ги красат рујни шари

и куќата е невестица мила.
И така кај нас од времиња стари
се создава убавина и сила.

**ЈУРУКЛУКОТ**

Од Миравци Јуруклукот се гледа:
со тиха плавност рид над рид се крева
и небото со боја сино-бледа
со тие ридје лилав раб го слева.

Јас многу земји во светов сум шетал,
во Индија и Сибир јас сум биден,
над Алпите и Андите сум летал,
но без да ми е Јуруклукот виден.

И еднаш да ги ѕирнам тие места,
да допрам над нив сино небо вишно,
ме вика копнеж и помисла честа.

Но зошто тоа откривање лишно?
Од извесност е поубава свеста
да има нешто блиско што е скришно.

## ИЗЛЕТ

Ракијата под чешмата се лади
и гравот веќе во грнето крчка,
се збираат за ручек стари-млади,
и по нив куче и детенце трчка.

Поседнати во круг на мека трева
ѕингараат со лажици, и слачна
пареата од тенџере се крева,
а виното закачките ги зачна.

А после секој во сенката бега
и џагорот во слатка дремка тивна.
Квечерината за враќање се стега

дружината, и дури тогаш живна.
И сето тоа е минато сега
и не е тајна судбината нивна.

## МУКОС

И старост дошла, а пак човек дума
што врзал в ум со споменот на дете.
Со мојот татко, низ букова шума,
на Мукос првпат се искачив лете.

Во долот стрмен по малку се зори,
се пласти магла по ниската леска,
а ридот веќе од светлина гори
и в небо јасна сончевина блеска.

Планината се открива пред дете,
а долу таму селото го вика,
и сè што овде за првпат ќе срете

до послежно со свежест ќе му блика.
И со тој спомен оживува, ете,
и една драга, загубена лика.

## МАГЛА

И пак се јави тој мотив на жерав
што загубен во ноќта зимна талка!
Во вишини јас мислата ја терав,
а сега магла приземно ја валка.

Светлинките се делени во мракот
и слаба зрачка околу нив прска,
се истава од секој предмет зракот,
од секој човек, да избрише врска.

И секој човек станал силуета
што маглата во повесмо ја носи
и носи призрак безгласно да лета

од сите делен, дури студот коси
а душата се збрала клопче сета.
Па оди прашај: кај си? кој си? што си?

## РОДЕНДЕН

– Си клапнал, сине, под тешкото бреме
и двете очи како да ти гаснат.
А мајка дума поубаво време,
и ти ми беше во јагнија раснат.

– Јас лидам, мајко, по камена скрка,
и нигде трага од нашите стада,
и како некој без грев да ме брка,
ми нема почин и душава страда.

Јас не знам каде овој пат ме води
и дали негде макиве ќе спласнат,
а треба да се оди, оди, оди

и горко им на оние што каснат.
– А тебе мајка за друго те роди,
и ти ми беше во јагнија раснат.

## СНИШТА

Само во сонот младоста е жива,
со јасни зраци таа на сон иде,
да сетам в душа како ми се впива
што не било а можело да биде.

И дури тогаш како да се раѓа
на мојот живот целосната слика,
и тоа дење во мрака што паѓа
се буди на сон и негде ме вика.

По таа целост устремено внесен,
ловец што оди по химери  на лов,
јас пак сум млад и чекорот е лесен

и негде изгрев заискрува алов.
Но иде денот со мојата есен,
и скипнал сонот а останал жалов.

## ВИНОВНИК

И без да сакаш, рушител на среќа
на дете на сон што го губи здивот.
Па каква уште напред демне смеќа
во твојот двоен, преполовен живот?

Ни себе близок ни добар за други,
во матни витли те завлекле води.
Те колнат како измамени слуги
тие што мајка за тебе ги роди.

И без да сакаш, виновник на таги
за тие што те избрале со вера.
И вистини престорени во лаги

за сека вредност поставиле мера,
да бараш сметен од лилјаци траги
во некој самрак од лани до вчера.

*ДОЈРАНСКИ ВЕТРИШТА*

## АНА

*На споменот на Ана Пенингтон*

Таа беше за мене
господарка на една поубава земја,
како да има негде, во случај на потреба,
прибежиште
и утеха
за мојата залидана мисла.
А таа носела своја судбина.

Јас мислев
да појдеме заедно еднаш
на Трескавец
над Прилеп
откаде што, како увид во моето детство,
пука поглед на моето село.
Но секој носел своја судбина.

## ТРАКТАТ ЗА ЗАЧЕТОКОТ НА ПЕСНАТА

Мислите уште се нерасчленети, без ритам.
Што иде прво: мислата или ритамот,
за здружени да зазвучат како музика?
Највпечатлив е тогаш музикалниот мотив,
но тој е жижнат од вкрстена мисла со мисла
како вкрстена молња со молња.
Така музиката надгласува,
но тоа има свое првобитно огниште.
Што се наложило – не мора да биде првично,
а може само да зема сила од првичното.
Виножитото блеска и нè засенува,
а првична е влагата пронижана од сонце.
И музиката не се раѓа од ништо,
ами од засек на мисла со мисла
како кремен во трат.
И така – првото е она на кое пак најпосле
се враќаме,
првото е – како маглина – сè уште сматната
Идеја.

## ПРЕЗИР

Што ми го вративте зборот?
Говорот носи смелост,
смелоста носи тага.
Кога ти реков: драга! –
потемне твојата белост,
ме презре ти со снага.

## БРАЧНА ПЕСНА

Во таа мала куќа на Виргино брдо
ние ќе можевме уште за малку
да го продолжиме патријархалниот живот.
Да се случеше таква случка.
Стар прстен би светкал на твојата рака,
ти би знаела кога да ја облечеш
најубавата облека.
Да се случеше таква случка.

Сега застанувам пред малата куќа.
Туѓи завеси се спуштени на прозорците.

## ПОСЕТА НА МУЗЕЈ

Рацете сами им се допреа
на влезот во малата сала,
од некаква тиха возбуда.
Седнаа еден до друг, сосем близу, на клупата.
Не требаше да го кажуваат тие својот живот –
тие ги гледаа „Црвените лилии“ на Клод Моне,
а зад нив молчеше „Герника“ на Пикасо.

## КОПНЕЖ

Се бараме
како раце што пливаат по езеро в мрака,
како весла што плескотат во ноќна вода,
и нема за нив преграб,
и нема за нас гушнување,
а само, во мракот, одминување,
и така од рода до рода.

## ПЕСНАТА НА ЕДНА ПЕВИЦА

Највaжно е случајното,
мигновеното,
единственото;
тоа како се допреле во неповторлив допир
дрвце до кибрит,
вода до оган,
рака до гради, –
ете го основното!
Најважни, велам, се
ефемерните работи,
еднаш случени,
забележани,
видени,
чуени само еднаш –
како твојата песна,
од која премре душа!
Зар таа не кружи далеку некаде
околу нашите нимбови
и орбити,
и зар јас не сум единствениот
под кубето на вселената
што постојано таа песна ја слуша?

## ДРВЧЕ ПРЕСАДЕНО ОД КОЖУВ

Тоа вели:
луѓето сте нетрпеливи,
а јас не се брзам со моето растење.
Мојата мисла е во коренот,
и таа полека длаби во земјата,
јас имам доста време
и моја е иднината –
па кажи сега како да те споменам
кога ќе порастам?

## ЕСЕНСКА РАМНИНА

Возот бодина, возот бодина
низ Војводина.
Исушени се, по ендеците, тревките,
несобрани, в поле, царевките.
Не е мината
со чекор
по секоја бразда
рамнината,
та од неа влагата
студени бенки
остава по снагата.

**ГРНЧАР**

Ги изнесе тој на пазар
своите грнци, бардиња и вагани,
ги положи во шарен круг на земи,
та со своите бои и цветчиња
да заличат на градинка пред Дуовден,
или да заличат на дечиња
од едно големо и среќно семејство,
наредени како за сликање.

Невидливи се на нив отисоците
на прстите на стариот Грнчар.
Но кога тој ги позема в раце
да ги подаде на туѓи раце,
самиот чувствува на нив
траги од својот допир,
дел од својата топлина,
порив на својот пулс и здив
и шум на својата скришна мисла.

Ете што распродава!

## ДАНТЕ

Во средината на својот живот – рече Данте –
влегов во една мрачна шума
и – додаде – веќе не излегов
до денешен ден.
И еве сега
минат е прагот,
а сѐ уште чекам некаков
пресвртен миг,
душевна обнова.
Никаков одговор не даде мојот живот,
и духот како птица во кафез
удира со крилјата во железните решетки,
целиот збунет и беспомошен.
Дали да се предадам на заборав,
себеуништување,
поматена свест?
Или да се исправам
барајќи опора
во светлата и болна, горка јасност?
Заблудан, по не знам кој пат
јас треба да полагам сметка,
а кому,
како
да се обратам
јас што како на јаве
ги минав сите кругови на пеколот?

Тогаш се чу глас:
човече, побарај уште малку свежест
во почвата на својата душа.
Не предавај се!

## ЦВЕЌИЊАТА

Уште само цвеќињата го нудат своето
пријателство, –
нема друг таков речовит молк
како што молчи цвеќе,
немој да ја презреш, заради својот опит,
таа подадена рака,
немој да ја презреш ни заради туѓата мака
таа порака што, како мирис, те одминува веќе.
Уште цвеќињата ти нудат еден чекор и ритам,
како да си во оро средсело во вселената,
речи си: дишам, речи си: одам, речи си: скитам,
со една стапка, речи, ме движат напред колената.
Уште само цвеќињата на спокојство те учат,
на тоа дека за некоја смисла си роден,
и дека не си сам среде ужаси што бучат,
и дека животот ти бил всушност плоден.
Уште само цвеќињата со своите разнобојни очиња
те учат да ја наслушуваш тишината на векот
и во шумењето на немирни поточиња
и во секој друг шум и екот, –
и во болката што се збира
да наоѓаш мира.

## ЗАГУБЕНИ БРАЌА

Некогаш, деца, тргнале заедно
да се качуваат како по стрмен рид,
а сега меѓу нив, некаде на тој пат,
се крева непроѕирен ѕид.

Другарчиња од детинските дни, милни дечиња,
како да ги втаса таа судна мака,
да нема меѓу нив допир, да нема ставување,
да не можат да си подадат рака?

И тие не смеат да си кажат ни збор
за тоа што длабоко ги мачи,
за да не се загубат уште повеќе
во светот што бучи и јачи.

И го сеќаваат својот најголем страв
од збор и молба што може да си ги кажат,
и затоа молчат, затоа сѐ заборавaат,
и готови се себеси и друг да лажат.

Браќа загубени, уште се сакаат,
а сепак мислат дека си пречат,
и да се задржат уште малку во тоа сакање,
крајната болка нема да си ја речат.

**ЧЕ ГЕВАРА**

Штом бунтот ќе го изобличи власта,
бунтовникот за почести се граба
и повторно се изделила каста,
а надежта за обнова е слаба.

Но бродат негде пак бунтовни чети
што глад и жедост ден и ноќ ги мачи,
ги шиба дождот во Андите клети
и над нив страшно ураганот јачи.

Во таа бура да измие снага,
пак наивен да сети верба стара,
тој таму трга по позната трага.

Но подемот е еден, Че Гевара!
Кој презрел докрај и привид и лага
не живот веќе, ами смрт тој бара.

## ТРОЈА

Со малтер како век за век да лепат
натрупани се дванаесет слоја
и еденздруг во руина се крепат,
а шестиот е само таа Троја.

И сето што се слави в древна сказна
поклопено е под сув сончев бласкот,
и молк се пласти во ширина празна
од сѐ што било ек и ѕвек и пискот.

Ни збор ни издив од Пријам, ни клето
лелекање на жени. Штама свила
сѐ в заборав пред едно врело лето,

да можат штурци да покажат сила.
На болна душа ми прилега сето
што длабоко најбитното го скрила.

## ПОРАЗОТ НА ДАМЕ ГРУЕВ

Смилево гори,
твоето село,
го голта пламен.
Веди го сенчат
твоето чело
воноќва,
војводо Даме.

Пискот се слуша
и нема смеа
на студен камен.
Барај ни сега ти нова стреа
и покрив сламен.

Ти беше којшто крена знаме
горд, умен, стамен.
Остани сега унижен, срамен
пак со нас,
војводо Даме.

## СРЦЕТО НА БОРКА ТАЛЕСКИ

Никој не зборнал уште со темна сила
во гласот – за тебе што млад и огорчен падна.
Како случка да било, како да не бил прозорлив
часот
твој смртен. Прости за делнична рамнодушност
ладна!
Ние што те паметиме и во кои
дел барем, во свеста, од твојата душа пали
и нè двои, толку сме веќе испоснети зарем
и толку ли сме, во ситни грижи, мали?

Нека се дума, кај Тројаци, оној миг
кога нишан од срцето на Борка земаше
една пушка
и оној вик, нагол и раздирлив, иако нагло стишен,
кога пред падот се крева рака и телото се лушка!

Тој вик беше еден врвен проглас
од сета врст наша, што предодреден го прати,
и кој го разбрал секогаш ќе се праша
во животот со што да врати.

Тој падна за да останат во најчиста мера
за века, од ништо непоматени веќе,
еден завет и вера на младост што пека
за простори, и мирба со гнасата што нејќе.

## ДОЈРАНСКИ ВЕТРИШТА

Еве ја пак во ноќта таа здивена сурија,
топот на безброј коњи,
на безброј камшици фучење.
Некаква мртва војска во поднебесната јурија
воскреснува,
некакви мрачни водопади се рушат в понор
со бучење.

Залудно свеста сега ќе поставува бедеми
и ќе внесува смисла во нерасчленета порака.
Налетот малку ќе папса, па уште посилно бувнува,
и душата е пред него немошна и голорака.

И не помага веќе пред разбеснетата фортуна
оној оклоп од измами и оној штит од лаги
со кои човек се крие пред себе и пред другите,
и за нужниот живот затира сушност и траги.

И нема спас ни во сонот
што закани го ништат,
самиот ќе се презреш
поради своите сништа.
Соголен сосем, до живо, те граба мрачната стихија,
и како лист те носи, и како мивка те гази,
и страв, страв, страв полазува последна жилка,
по коски лази.

Некаков улав кикот ноќта ја извиличува –
и веќе не бучи ветрот,
ами совеста бичува.

# ПОСЛАНИЕ
(1987)

*ПОСЛАНИЕ*

## ПОЕЗИЈО

Поезијо,
ми отвораш пат во староста,
тоа е еден суден предел.
Како што младите
самоуверено
ја откриваат снагата,
така старите, горко им, треба да ја откриваат
душата.
Поезијо,
ти можеш да живееш
само со едното и другото.

## ПОЕТИКА

Јас песните ги берев
од дрвото на животот
како што селаните во Ракотинци
пред Дуовден
берат зрели цреши
од црешовите дрвја.

## НА ГРОБОТ НА ПОЛ ЕЛИЈАР

Никој не ги сеел овие темјанушки на гробов,
тие се сами изникнати.
Никој не го длабел овој прост натпис,
тој сам се втиснал во каменот.
Грга однекаде во светлината
грлен шепот на страсни зборови.

## НАД СЕКНАТИОТ БУНАР

Чекор по чекор и збор по збор,
полека,
да не нешто се сетам,
ти ме доведе довде, Музо!
Патем ме учеше како со силен збор
што изненадува
да ја искажувам разновидно тагата.
Но тоа било сепак само проба.
Патем ме учеше како да сврзувам
далечни работи,
за да се роди застрашувачка мисла
над премостен понор.
Но и тоа било само подготовка.
И така, чекор по чекор и збор по збор
ме доведе довде –
над секнатиот бунар во мојата душа,
и бараш
да се загледам внатре
и со глас што екоти стократно
од ужас
во таа празнина
да ги кажувам твоите крајни пораки.
Но јас нејќам од тебе таков дар,
ниту да бидам употребен
по твојата намера, Музо!
Јас насетувам дека една грозна лишка
се кашка во калта на дното на бунарот,
грепчи со ноктишта по каменот.
Јас ти откажувам послушност.
Јас сакам да си умрам
со сите илузии
на слаб човек.

## СЕНКА

Како се случува возбуда крајна,
за да засакаме дури лудо,
тоа е твоја голема тајна,
Боже, и твое чудо.

Ти сепак во нас си го вклучил
редот за чувствата да стапат,
и како личен проглас наш звучи:
што има изгрев, има и запад.

Како се случува тоа чудо
со боготворење на женка –
сме доживеале некогаш лудо,
но сега паѓа сенка.

## ПОРАКА НА ЉУБИМИТЕ

Тие сметаат дека е моја должност да останам млад
заради нив.
Но смрзнат е мојот крвоток
како потоците
на Гренланд
што не се распознаваат.
Сомнителна е и самата моја исклучителност.
На строгите закони подлежам
што нè унижуваат.
Но нивната порака е цврста и очајна:
Не изневеруј ги нашите последни надежи!
Остани млад.

## ПО МНОГУ ГОДИНИ

По многу години
пак се најдов на истата улица
во овој град.
Зима е, голомразица.
Смрзнат коловозот,
тротоарите.
Чекор по чекор
по многу години пак се најдов на истата улица.
Сум заборавил дека таа куќа е на аголот.
Сум заборавил колку неугледен бил нејзиниот влез.
Не сум сигурен дали тоа се случуваше на вториот
или на третиот кат.
Само позлатените раскошни месечински полноќи
над истиот овој град
ги паметам сè уште.
Сега преминувам со дланка
по грапавината на ѕидот.

Тоа е сè што можам да сторам
по многу години.

**ГЕСТ**

Таа рече:
„Рајот е во мене“
и покажа со десната рака.

Размислив:
Колку невоздржан
а полн со смисла гест!

## ЉУБОМОРА

Уште само на сон ти наоѓаш оправдување,
зашто на јаве веќе не сме достојни за тебе,
Љубоморо!

**ЖЕД**

Тие ја презираа, потајно, мојата историска свест
со сè што се изведува од неа.
Тие го ценеа само мојот допир
на различни делови на телото
спрема моето текнување и фантазија,
а поради морниците.
И не можеа да се откажат од тоа,
чувствувајќи дека само еднаш се дава.
Остарени,
тие уште повеќе ги негираат моите сфаќања,
и се уште порамнодушни спрема мојата
дневна судбина,
само споменот ги враќа понекогаш со жед
кон моите секнати извори.

## УБАВИЦА

Ниеден недостаток не оставило божеството
на неа:
вита става,
правилни црти,
мек црн поглед,
дури се постарало и за бојата
што ја добила ова лето
на сонце
на припек
на ситнана песок
покрај морскиот брег, –
да личи уште повеќе на совршена бронзена биста,
а жива.
Само со едно се претпазило
божеството:
тоа не £ дарило плодност,
за да не се роди од неа уште поголема убавина,
нова Елена,
заради која може да избие
нова Тројанска војна.
Само еднаш божеството можело да се излаже
и да направи грешка.

## ОДДАДЕНОСТ

Ти значеше за мене најмногу од секоја друга жена,
затоа најмалку ти обрнував внимание.
Ти беше готова, и си готова, сѐ да сториш за мене,
затоа не те молам за ништо.
Ти беше спремна секогаш да се жртвуваш,
без да прашаш за цената, –
затоа те штитам.
Ти си сигурно очајна зошто не те сакам,
а јас не знам кому сум се посветил
по совест и со најубава човештина,
ако не тебе.
Но ти ја сметаш за ништо таа моја оддаденост.

## ДРВЈАТА

Дрвјата земаат поза,
дрвјата имаат гест,
дрвјата се артисти
што го чекаат ветрот
да им шепне збор.

## ГРАНКА

Твоите лисје шепотат уплав,
уплав на штрекнати души,
зелена гранко, зелена гранко
на стебло што се суши.

## ГАЛЕЊЕ НА ПРЕДЕЛОТ

Колата слегува низ Влаиница.
Бреговите десно
лесно ќе ги погалам
со десната рака.
Бреговите лево
треба малку да се поднаведнат
за да ги погалам со левата –
и тие тоа го прават.
Сега се движиме убаво прегрнати
како некогаш
ние другарчињата на старото прилепско корзо.

## ИЗНЕНАДУВАЊЕ

Никогаш не ги забележуваме нијансите,
постепениот премин,
бавната подготовка на настаните.
Каква промена!
Вчудоневиден забележувам
дека бујно расцутила
како прекуноќ
со жолт укит
грмушката под мој прозорец.
Дошла, значи, пролетта!

## **МОЛЧЕЊЕ**

Не сега збор.
Не сега излишен крик.
Се знае како
сѐ на ист начин
твоите длабини пак ќе зборнат.
Но без право.
Затоа сети се сега
дека постојано
штом ќе подникнат
дивите подници се корнат.

## ПО МРАЗОВИТЕ

Сурова зима.
Испомрзнаа толку дрвчиња,
грмушки,
ги попари мразот во Дојран зокумите,
катмерестите.
Студен сек.
Рез.
И што понатаму?
Ќе жугнат пак негде-годе
со непромислен животен сок
нови подници од корењата.

## МАЛЕЧКИ ПРЕДМЕТИ

Сите овие џиџиња,
играчиња,
ситници,
сувенири,
мали спомени за големи мигови,
мали подароци од големи пријатели,
ја губат одеднаш
еден ден
својата магична привлечност,
својата мала и топла душа,
да станат студени парчиња.
Можеби и брестот што почнал да се суши
по ист ваков начин сетува прво
дека носи многу суви гранчиња.

## **НЕМИНОВНОСТ**

Види развило цвеќенце,
пуштило две-три ливчиња,
навело модро главче,
сираче
никому непотребно.

Немој да си го згазил –
тоа и немало што друго да чини,
покажи почит спрема неминовноста.

## ПРЕСАДУВАЊЕ

На осумдесетишест години
Мајка
реши
да ги пресади сарделите – белата, розето и аловата.
Не е лесна таа работа.
Многу е тешка.
О колку смел, колку невоздржан потфат!
Треба да се стави камче во саксијата,
треба да се тури здрава земја,
да се посоли малку ѓубренце,
да се изберат свежи чаталчиња.
Треба да се мисли што и како,
и не да си намуртен во садењето,
ами да шепотиш милни зборови,
за да биде пак убаво
како што било во младоста.

## БАВЧА

Ја вадам бавчата,
земјата е запечена
иако во септември.
Водичката доаѓа прво
до коренот на ружите.
Не знам дали тој корен има време
да ги окуражи
гордите цветови
осудени на венење.
Не знам дали тие,
толку изделени во воздухот и небото,
можат да го чујат
надежниот шепот на водичката
што јас му ја давам на коренчето.
Сета иднина на една претчувствувана убавина
зависи од таа моја проста работа.

## ПТИЦИТЕ

Викаат
дека сѐ поретки стануваат птиците,
дека се нишаат нивните седела
или остануваат празни
и оваа пролет подоцна дошле ластовиците
и помалку ги има.
Тоа значи дека тешко уште еднаш
во мојот живот
да видам јато бели лебеди,
како што еднаш видов кога од Дојран
беа крилато упатени кон Лагадина.
Сѐ во животот го достига својот врв,
не само дрвото.
Тоа бело јато над синото езеро
било најчудесниот блесок во мојот живот,
а јас го следев само неколку мига,
без надеж, сега, дека пак ќе го видат
моите уморни очи
кога погледот само донекаде стига.

**БОР**

Сув е нашиот бор.
Чувари на паркот, ви благодарам
што уште не сте презеле мерки
да го пресечат.
Така јас можам уште еднаш да го погалам
по грапавата кора
и да откршнам парче
за мене и за онаа што некогаш ми пишуваше:
„Ми замириса нашиот бор“.

## ФЛОРА И ФАУНА

Во зелени дрвени сандачиња во кафаната
украсни растенија со одраз во огледалата,
нежни ливчиња со непознати имиња,
меѓу нив џуџеста папра.
Тие се наведуваат дискретно
едни кон други
и одвај видно потрепетуваат
во само нивни тих танец,
и тие праќаат прекор:
Зар знаете вие што е нежност,
вие што се допирате грубо,
додека една загубена жена
со грапав глас, на лош англиски,
се договара со двајца крупни црнци
на соседната маса
во кафаната.
Вие сте – месо.

## ДИВИ ГУСКИ

Во ова студено утро пред Водици
небесниот клавир заѕунува
со испрекинати звуци.
Прелетуваат диви гуски.
Јато по јато
како стих по стих
бележат тревожна песна
по небото.
Но не ги разбирам тие крилати букви.
Само крикот е оној истиот
што во детството (над Небрегово).

## КУКУМЈАВКА

Со дречлив крик на вештица
како со црна веда
остро
на цик-цак
таа
ноќта ја расекува –
и по тој уплав
уште подлабока
од тајни ноќни извори
тишината дотекува.

## ЗНАМЕЊА

Ние не правиме ништо друго,
ами по толку пати,
повторно, и повторно, и пак,
од Хомера до денес –
откриваме знамења.
Усна хармонико
од кипариси во густ ред,
ти како да шумолиш гроза
што се пренесува
понатаму
на сета нежна растителност,
на крилјата од птиците,
на кожата од животните,
на ножето од скриено штурче,
и на синевината од небото
спрема која се оцртуваат витите зелени кипариси.

## ЗНАК 1 (ЗНАМЕ)

Кој има висока липа во дворот,
тој има изглед
на неа, на самоти врв
еднаш
да застане сокол
и да се лелее на гранчето.
Така тој
макар за малку
е господар на воинственото знаме,
под кое неговиот дом
се движи како кораб
по мирно море,
под добар знак.

## ЗНАК 2 (ДОБРА ВЕСТ)

О чудо!
И денеска истата птица
на врвот од мојата липа!
Можеби таа секој ден застанувала таму,
не само да ги одмори своите крилја,
но и да ми јави знак за добро.
А зошто досега да не ја забележам?
Затоа што не сум гледал високо кон небото,
ами, потиштен и подведен,
ниско кон земјата.

## ЗНАК 3 (ЉУБОВ)

На врвот на мојата липа
денеска дури две птици!
Тихо се лелеат
една спроти друга, спрема синото небо,
на две гранчиња.
Тоа иде како звук од далечна флејта.
Сега тоа не е еден сокол,
ами две милни гугучки.

## ЗНАК 4 (ШТИТ)

Орел пролета на твоето небо.
Што ти се чинеше?
– Тоа е обична случка.
– Не, тоа е некаков знак
и нешто врзано во клучка,
во јазол јак.
И друго нема да стекнеш
посуштествено, и во животот толку важно,
штом си ги презрела крилјата
на твојот штит вкрстени
мимолетно и тажно.

## БРАНОВИ

Врановите земаат различни облици,
врановите се преправаат.
Едни го галат како со дланка брегот,
други го буцкаат како јариња,
трети го ладат како ветрило
со плискот на распрснати бели пењи.
А ова е бран од гулаби
пред клупата во паркот на која седам.
Едни се искачиле на наслонот,
други прусаат пред моите нозе,
и тоа е лек пристап
на согласни бои,
на трепет од крилца,
раменца
и клунчиња.
Еј, човече, пред твоите нозе
пења од гулаби!

## РАКОПИС

Првото пеперуже во оваа пролет
со бели дамки по небесната синевина
меѓу младото зеленило на липите и кајсиите
ги бележи своите бели стихови.
Така и поради тоа,
јас
тоа во кое сум вљубен
повторно го засакувам.

## МИНАРЕ

Минарето е тука,
пред погледот
и прирака
исправено
како хемиска писалка
спрема сината хартија
на небото.
Но нема рака
и нема фат
да го фати
и да испише на небото
порака.

## ШЕПОТ

Сега сме сосем во шумот
на говор што се моли,
сега е сокрушен умот,
сега се душите голи.
Сега е длабок зборот
и тој со шепот цели.
А нешто шуми во дворот
и нешто нејасно вели.

## ТОЧКА

Не дава лево-десно.
Точна фиксација.
Сосредоточеност.
Никаква експликација.
Многузначна пауза.
Задршка на здивот.
Нишан на пушка.
Ожесточеност.

## НОЌ

Глува ноќ.
Вие пес.
Повик грд.
Напнат бес.
Глува ноќ.
Вие пес.
Коби смрт.

## ДЕЦАТА

Тие одлетаа негде неповратно
нашите пилци
и нив ги грабна во темнината
овој огромен хаос.
Запустено е гнездото,
загубена неговата топлина,
и самата помисла за ред и спокојство
станува престапна.
Како сме ги лажеле, колку бедно сме ги лажеле
нив наивните,
водејќи ги за рака!
И еве сега ги носи негде неповратно
бранот на овој црн хаос,
како и нас,
и само еднаш доживеан миг
на извонредна блискост
уште нè сврзува со нив
со блесок.

О миг на љубов меѓу измами!

## БУДЕЊЕ

Само гласовите на дечињата
од улица
звучат обнадежно и пролетно.
Ништо не се изменило.
Јас пак сум заспал
и сега се будам полека
со истата тежина
под лажичкава.

## ВОЗРАСТИ

Секоја возраст има своја основна задача.
Децата најсериозно и најсодржателно
ја исполнуваат играта.
Младите најдлабоко и најодушевено ораат
и сејат здраво семе.
Зрелите ја сеќаваат неумитната рамнотежа.
Старите откриваат
дека љубовта не е врзана
само за соковите на плотта.
Тоа што го прават децата
не можат да го надминат старците.

## ШЕСТО ДЕТЕ

Зошто мајка дури сега ми кажа
дека била шесто дете?
Зошто ли го таела толку години тоа?
Можеби не заради тоа што пред неа
умреле пет дечиња,
можеби заради тоа што по нејзиното раѓање
умрела нејзината мајка.
(Знам само дека баба ми била од Дреновци).
А како му било на дедо Илија?
Тој ја сакал својата единствена ќерка.
Тој велел: збирајте полози, дечиња,
ќе ви купам опинчиња,
а мислел на неа.
Тој велел: пејте песна дечиња,
дури ги врзувам снопјето,
да ни биде весела нивата,
а мислел на радоста на својата единствена ќерка.
И тоа било убавина.

Така £ се родив на мајка јас, вели Цепенков.

## НА ПОКОЈНИТЕ

Понекогаш
како да сте живи
така јасно ве гледам
во мислата,
мои покојници.
Но вас одамна ве нема,
ве иситнила глината
и ве ишмукала.
А на времето
вие зборувавте
и постапувавте
како да сте бесмртни.

## МРТОВЦИТЕ

Мртовците не се отсутни –
тие се населени во нашиот сон.
Ним им е во тој предел поудобно
отколку нам.
Ноќе, кога сме сами, беспомошни,
тие доаѓаат по своето.
Не знаеш
дали е подобро кога ти упатуваат збор
или кога молчат.
Сеедно, тие укажуваат на твоја кривица
што треба да ја плаќаш.
Врзан си од сите страни,
и во бдеењето и во сонот,
и во споменот.
Тешко ти тебе, човече,
што не можеш да се спасиш
ниту од заминатите преку.

## ЗАКОПОТ НА ГУТЕ

Ги одржаа говорите
и со тажна музика
спроводот тргна
кон пресниот гроб.
Рамнодушно, клучарот
ја затвори капелата,
во која беше изложено ситното тело.
Тогаш остана видна само една графика
над Карадаг, кон Куманово –
неколку долги бели риги
од облачно повесмо,
една под друга,
повлечени со смелата дечинска рака
на Гуте,
реско и широко,
пред умирање,
по синевината.

## ДНЕВНИКОТ НА ГОМБРОВИЧ

Тој што продава најслачни јаболка
на Битпазар
има право да вика
колку го држи глас
дека јаболката кај другите
ништо не чинат.
(Само ако не му е срам и страв).
Завршен е и третиот Дневник.
Залудно ќе го чекаме четвртиот.
На Битпазар,
меѓу пустите тезгиња,
последна најслатко се смее –
Смртта.
Нешто се движи некако некаде напред,
итри уме!

## ПРЕМАЈКА

Се умножив
во вас
како во многу копии.
Можеби во некого од вас
вештите луѓе
во иднината
ќе ја прочитаат
мојата вистинска природа.

## УЧИТЕЛИ

Мои учители,
јас ви благодарам за сè.
Без вас јас не би бил ништо.
Но во мене се јавува страв
дека ве надминувам
и дека за тоа не можам
да ви оддадам почит
колку што сум должен.
Вие бевте сврзани со цели
и успеси
што сосем сигурно се постигнуваат.
Јас гледав од голема височина,
неспособен за приземниот живот.

## **БЕБЕ**

Ти преташ со ножињата
како да ткаеш на разбој.
Ти си бело топче
што се полни со млеко,
за да ги надува обравчињата и мешето.
Ти си научило да се смееш
пред да сфатиш
каков ризик земаш
во животот.

## ПОМОШ

Толку стари и млади гледам околу
готови да го земат товарот на себе,
без кимка,
без надокнада,
само за да ми помогнат.
Толку отворено и наивно го примаат тие животот,
без смисла за опасноста.
А јас пак чемреам
и сум паднал во очај.
Крени ја главата, окајаниј,
можеби со таа несебична помош
и ти нешто постигаш
за иднината!

## ЧУДО

Толку ми е чудно што сме живееле,
уште почудно што сме сакале –
можеби сме сакале
да го оправдаме чудото на живеењето,
тоа чудно чудо!,
за да покажеме дека сме дораснати
до она што, како тајна,
заправо не ни припаѓа.

## ВООБРАЗЕНОСТ

Време е да станам вообразен.
Крајот се ближи
и доста беше скромноста.
Мојата слабост
ми обезбедува силен збор.
Мнозина можам да презрам,
само да сакам.
Време е да станам најпосле вообразен,
за да најавам дека носам
важна порака.

## ЗВУЦИ

Оваа бесона августовска ноќ
ме научи
дека има ред во гасењето на звуците.
Прво гасне гласноговорникот
на рингишпилот,
потоа гласот на певиците,
па вревата на последните гости
по летните бавчи и тераси.
Потоа крикот на некои ноќни птици,
дури да се смират и наситат.
Повремено лавнува пес.
Уште е буден хорот на штурците,
но едно по едно штурче молкнува,
и далеку по полноќ се огласува
можеби само едно,
како задолжено да го зачува
за утре
огнето на звукот.
Во таа глува тишина
најпосле ќе чуеш говор на љубовна двојка
што нема обезбедено легло.
Тоа е целиот опит од една непроспиена ноќ
во која останува трајно буден само пулсот
на слепоочниците.

## ПОСЛАНИЕ

Без вас, Тире и Сидоне,
овде се живеело илјадници години
и пак ќе се живее.
Ние луѓето сме како тревана –
ја газат, се суши, се задушува, гине,
само земјата останува.
Ние луѓето сме како мравине –
ги гмечат, ги ништат, и пак се збрале купче.
Одовде тргнал некогаш поход до Инд,
кој можел да го предвиди тоа?
По Via Egnatia Цицерон одел во прогонство
во Солун.
Близу до Драма
призракот на Цезар му се јавил на Брута
под шаторот
спроти решителната битка.
Па се посветиле во Тивериопол
петнаест маченици.
Наум соградил манастир
на извирот на Белото езеро.
Оваа земја го крепела и Марка Кралета.
И сепак,
зар не доживувала таа унижениja?
Зар можело без тоа до зрелоста?
Сето е предвидено –
ние си одиме,
а земјата останува.

# ЦРКВА
(1988)

## ЦРКВА

Нека е проклет часот кога ми кажаа
дека се урива црквата во Небрегово!
Илјади тажачки како да почнаа
да се гласат и да тажат
во мене
тогаш
како од темно подземје да излегоа.

На самото мое детство, значи,
последните жилки му се ништат,
и еве се копачи и мојот најдлабок корен,
а како да сум го предусетил тоа
одамна во мене неспокојства тиштат
и одамна сум морен.

И не таа мала црква
со наивно насликан пекол,
со ѓаволи што го поганат ваганот на бајачката,
ами самата моја снага се рони, би рекол,
за да одекнува во урнатините
плачка.

И моите први години на учениче, на шест лета,
и мојата прва Света Сава
во дворот на таа иста црква,
чие клепало
толку чисто
уште во споменот одѕвонува,
кога во него некој замислен мава,
и тие бојадисани шеќерчиња

во табли и пјатови врз нашите гробови,
што селото на своите дечиња им ги дава, –
сето тоа, сето тоа
одеднаш
во пустелија потонува.

Дури и птиците што кружеле над таа црква,
чавките и гавраните во мојот спомен,
дури и тие
сега
кога црквата се урива
станале како обична украса спрема небото,
дел од неподвижна гравура,
и нивниот полет е ограничен и сломен.

Се урива црквата во Небрегово,
малата црква што некогаш
дрзок селски дух ја правел,
а јас ништо не можам да сторам
иако од тоа седело излегов
и јас сум уште еден здробен Авел.

Се урива мојата заветна црква, еј луѓе,
се рушат моите гробови,
а залудно да викам за помош
кога туѓото е туѓо
и никого не може да го боли
што јас,
што јас липам од самите бели дробови.

Но сепак јас,
јас кревам клетва
над часот што ми јави дека
се урива црквата во Небрегово.
Штура е на тој час попарената жетва
и грозно значењето негово.

Крај таа црквичка
на Бадник и Василица
при снег и мраз
се палеа огнови
на коледарите и василичарите,
а јас
на рамењата од татко ми качен
со очи оџагорени во мракот
играта на сенките
на пламењата
ја пластев во себе
во самата душа
пласт по пласт.

Крај таа црквичка
на летни празници
на средсело, на ледината
ќе изнаседнеа староите,
а пред нив се зафаќаше оро
и натпревари,
фрлање камен и скокање,
и крај им немаше на песните и смеите.

Крај таа црквичка
се раѓаше нашата верба во иднината,
нашата надеж во бериќетот
и во силата на вистината.

Околу неа чудни имиња:
Пеливар, Поила, Орниче
и еднаш за секогаш
запаметена
на тоа Орниче
во гробиштата
во утро есенско
круша горничка.

И еве
сега
станува пепел
темелот
што нѐ крепел.

И еве станува пуздер и плева
нашиот уџум, ’рскот и врева.

И еве
сега
се руши
храмот во нашите души!

И сега, сам и страден
со таа мала црква
и јас се уривам
лит и
јаден.

Глувото клепало гласи –
нема што да те спаси!
И по закони груби
цел еден живот се губи.

Мала напуштена цркво,
би те закрепил
да можев,
дури со двете рамења!
Но слаби се тие столбови
и не држат,
ами лево и десно
од самата моја снага
се ронат
твоите свети камења.

## АНТОНИЈ И КЛЕОПАТРА

Оддалеку
таа гледаше
како тонат
една по една
во соленото море
во битката кај Акциум
триремите на нејзиниот избран човек.
Тоа беше миг
и таа да се втурне
безрасудно
заедно со него
во пропаст.
Но нешто змиско во неа
не го допушти
тоа безумие,
зашто таа
сепак
беше кралица.
И таа го напушти боиштето.
Во тој миг,
а за секогаш,
тој стана повелик од неа.
И затоа и јас бележам:
Антониј и Клеопатра,
а не обратно.

Тоа беше сепак за неа кошмар.
И кога нејзината раскошна галија,
а во позорно бегство,
се приближуваше

мазно
ноќе
дури, о ужас, при územ поволен ветар, јадри ѕвезди
и изед месечина
кон Александрија,
таа го виде Антонија на сон.
Тогаш таа разбра
дека часовите на рамнодушност,
во кои се донесуваат разумни решенија,
се сменуваат
со часови на слабост
кога се враќа плимата на љубовта
и кога станува јасно
што било суштествено
во нашиот единствен живот
којшто е единствен
дури и за принцовите и принцезите.

Оттогаш докрај
нејзиниот живот се нишаше
како мало море
меѓу тие плими и осеки.
Во миг на уплав, при крајна луцидност,
таа се сети
за змијата
и го побара нејзиниот бакнеж
за да се доближи пак
до поразениот,
до презрениот,
до напуштениот,
а до морници љубениот,
Антониј.

## МОЛИТВА

Спаси ме, Боже, од болните луѓе
што се накажани,
та не се криви,
нивната злоба умерено суди ја,
самите од неа одвај се живи.
Тие се мислат повикани да водат
како Мојсија и другите пророци,
а самите не можат да се ослободат
и влечат по себе ситни пороци.
Дај, Господе, што помалку очите да им ги бодам,
штом тие лево ќе фатат, јас десно да одам.

## ВРАПЦИ ВО МАГЛА

Неколку врапчиња џивкаат во маглата
како затворени
во непроѕирен кафез.
Не ги гледам,
туку само ситните гласови им ги слушам
како ѕунат,
но од опит знам:
тие се наредени на неколку гранчиња од липата,
тие се нишаат на нив,
тие се наежени од студот до самиот клун,
тие го тресат ту левото ту десното крилце
ту опавчето,
тие ги менуваат одвреме-навреме местата
дури разговараат лице в лице, –
и тоа е истата стара игра
што добро ја знам, иако сега ми е невидлива.
Само едно не знам:
дали тие гледаат некаков излез.
Тие се, сосема сигурно, загрижени,
а маглата е само навидум неподвижна.

## **ТАТКО**

Од тебе ние немаме помош,
знаеме дека си слаб и јаден,
но зборуј, зборуј, зборуј, татко,
со зборот што само тебе ти е даден.

Не мисли дека сме ние прости
и дека за себе се правиме важни,
о татко, зборуј, за нас се свети
твоите зборови тажни.

Има во светов некоја точка
и смисла што треба да се сети,
со тебе заедно ја бараме,
ти ништо друго не ни вети.

Спокоен биди! Нашата љубов
од подбив тебе трајно те штити.
Ние сме среќни со тебе, татко,
па со нас биди среќен и ти.

## СПОМЕН ПО МНОГУ ГОДИНИ

Имав можеби неполни дваесет години
кога напишав:
„така рикаше макатa во мене
дека сум роден во смачкано племе.“
И досега,
по толку долго време,
ме следи истата таа мака,
и дури поголема,
така што дури можам,
сејач на глуво семе,
да го сменам малку зборот
и да речам:
„уште рика истата мака во мене
дека сум роден во смачкано племе“.

Но сепак, се надевам, дека не е туку така
што сум бил подложен на таков искус
и на таква една мака.

## ЧИТАЧ

Така се случи
да ми даде Господ слаби очи,
морен вид:
да не можам да го прочитам докрај
иконостасот во Свети Спас,
да не можам да го прочитам докрај
иконостасот во Јован Бигорски,
да не можам да го прочитам докрај
иконостасот во Лесново,
вашите дела,
Петре Гарка Филипович и Макарија Фрчковски!
Јас си одам,
а кога ќе пречекате вие
друг таков читач како мене?
Никогаш!

## ПОМЕН

Јас сакам да го видам  Коча Рацин,
а тие ми велат:
„Па ти знаеш,
тој е одамна загинат
на Лопушник“.
Јас сакам да го видам
Лазара Личеноски, галичанецот, шегобиецот,
а тие ми велат:
„Па ти знаеш,
тој почина ненадејно
по земјотресот“.
Јас сакам да го видам
Никола Мартиноски,
маестрото од Крушево,
а тие ми велат:
„Па ти знаеш,
нему му се слоши
дури гледаше табла,
и не се поврати веќе“.
Јас сакам да го видам нашиот Бако
Митрев
а тие ми велат:
„Па ти знаеш,
тој изгоре предвреме“.
– Штом така... – реков јас.
– Што штом така? – рекоа тие.

## ПРЕТЕЧА

Јас одам околу.
Тој што ќе дојде по мене
ќе оди право.
Јас говорам општо за состојбите.
Тој ќе ги именува самите носители!
Јас фрлам клетва,
тој вади меч
и кастри со сор.
Сепак јас сум тој
што го подготвува неговиот збор!

## ПЕСНАТА

И песната е дел од флората,
таа никнува како смреката,
како бамјата, како гравот.
Прими ја таква каква што никнала,
а не да ја ништиш според некаков вкус
и некаква поетика,
да ја фаќаш за грло
заради некаква странична идеја,
како што се обиде Мајаковски.
Кој ти дал, најпосле, такво право?
Се знае што е етика.

## ПОВИК

Овој глас на муезинот
од магнетофонот,
овој кадифен баритон
од џамијата,
звучи толку уверливо во ова утро
како врска меѓу земјата и небото,
и толку смирува и успокојува
и толку е длабок, на прв поглед,
тој интимен контакт!
А сепак, да ги разбираш зборовите на таа молитва,
ти би сфатил дека таа е само повик
за ефикасност на верните
на оваа иста јадна земја.

## **ТОЈ ДЕН**

Тој ден што ќе дојде утре
замисли го како убав,
иако сега до ужас очајно
сипе и ромори ситен дожд.
Тој ден отми го
од безмилосноста на обичниот тек,
и ќе видиш во него збунети сакани души,
очајници
на кои ти,
само заради својата прибраност,
им отвораш патека
во еден сонуван век.

Биди задоволен
што уште можеш да изговараш
вакви зборови!

## СЕМЕЈНА ИСТОРИЈА

Колку се радуваше татко ти,
пустиот,
кога ти му се роди на Свети Никола!
Гости, гости, гости,
радост, радост, радост!
А сега ти по мене
си најстар!
Раскрили се
над нашите внуци!

## СВЕТИ НИКОЛА

Свети Никола златен
пак сѐ си принесе што треба.
Го пречекавме и со посна сарма,
и со грав и со риби на кромид.

Не е како некогаш
кога спроти празникот ќе изнадојдеа
сега покојните
и ќе седнеа околу трпезата.
Се почнуваше со леблебии,
расол и сторени пиперки,
мезе за домашната ракија.
По вечерата идат комињакот
и скажувањата.
Потоа гостите легнуваа
кој каде се нашол.
Ордан, тетин ти, Бог да го прости,
нели беше пцалт,
ќе запееше во сонот:
„Господи, помилуј!“
И потоа тивнуваше ноќта.

Тоа што минало – минало.
Ама сепак, сполај му,
еве нѐ живи со Господ напред
и се плоди нашето племе.

## БРАЧЕН ПАР

Тие одат ѕевгарито,
без грешка во чекорот,
стамено.
Тие се решиле
поради истото чувство за симетрија
да не ги фарбаат
своите сосем побелени коси.
Тие одат сега
откако малку тивнала горештината
да го посетат својот тригодишен внук.
Тие се навидум бодри,
одушевени од таа непосредна цел,
и затоа чекорат
без да си пречат.
А дали надвор од тоа
тие сеќаваат некаква смисла
на преостанатиот живот?
Дали е воопшто важно тоа прашање?

## ПОДМЛАДУВАЊЕ

*Според „Тиквешкиот зборник“ (XV век)*

Остарен веќе,
се зачипчи орелот со канџите
за синото небо
прудолу со главата
и сега чека
небото да го носи на исток
до Породим блато,
да се искапе во него
тој
старо орлиште
да ги истресе на сонце перјата
од водата
и да се врати подмладен.
Затоа така силно ги стиснал ноктиштата
во синото платно на небото.

Многу потешко му е на еленот!
Тој треба со копитото
да ископа од дупката змија
што трипати ја слекла кошулата,
да ја голтне,
и така пак станува млад.

Само за човека нема подмладување.

## ГРЕШНИ ЖЕНИ

*Според „Тиквешкиот зборник“ (XV век)*

О убави жени од средна коа!
О убави тешти
уште неповенати,
тие што, сосем отворени,
згрешиле со зетовите, –
за нив нема на небо влез
ни на тесната ни на широката врата!
Што им вредат сите добрини
што ги сториле како добри по срце, –
тие треба да бидат изложени на поруга,
зашто тие
долу на земјата
не се воздржале
пред поривот од кој расцутувала
нагло и сладосно
и само еднаш така
сета отворена
нивната снага!

## НАТПИС НА ЧЕШМАТА ВО ЈОВАН БИГОРСКИ

Сие бист
во времја смиренаго игумена Михаила
от село Галичник.
Братија христјани!
Пијте слатка и студена водица,
охладете жедна ваша душица
и споминајте монаха Неофита
родум от село Вехчани,
Охрицко.
И го облеа него
по сета душа
овој студен извор,
па сега
тој ви зборува
со шумот на оваа вода.

## ЖЕНАТА

Само жената му дава
димензија на животот,
со својата мекост и цврстина,
со својата мазност,
со својот свилен допир,
пофин од допирот на нејзината свилена облека,
со своите брановити движења –
да си помисли човекот
дека е исполнет со смисла
и дека се гушка со бескрајот.

## УБАВИНА

За миг само
сите ситни мани,
до најситните брчки
и пеги по кожата,
знаци за стареење,
£ ги забележав,
и сфатив дека е чудесна
таа жена
што се престорува девојче
кога помислува нешто свое!

## РАКА

Сѐ почна од раката!
Од таа мирна поза
кога е таа положена на масата.
Од таа нежна кожа
и модрите жилички повлечени под неа
како текови на слив
што не е обележен на ниедна мапа.
Двете прстенчиња на таа рака,
иако скапоцени,
имаат задача да £ се потчинат,
да ја истакнат, студено, нејзината топла убавина.
Сѐ што очекувам е
дека ќе се иставам навреме,
да не го доживеам грубо поразен
крајот
на таа топлина.

## МРАМОРЕН АКТ

Нѐ учи скулптурата
дека како мраморен акт
ни останува докрај достапно
женското тело.
Дури и по студен мрамор
е необично да преминеш
со рака по бедрото.
Зар да бидеме криви
заради тоа
кога сакаме
барем дел од топлината
да задржиме на прстите
или на работ од усните?

## ДОПИР

О колку многу ни значеше
едно бакнување,
кога бевме момчиња,
како пеперуги да се допреле
крилце со крилце
во лет.
Со денови можевме да живееме
и да ни биде прифатлив животот
од тој допир.
Лево или десно од себе
го чувствувавме со денови
фееричното присуство на таа
до чии усни сме се допреле,
и можевме мислено, а сепак осезателно,
да ја докоснеме нејзината чудесна рака.
Сега на старост се случува нешто многу слично.
Сега разбираме дека најмногу печел
неостварениот допир.

## БАКНЕЖ

Змиски допир
по работ на моите усни,
како да не се допрел
аголот на уста,
ами челичен острец.
Се чудам зошто не потече крв
од тој засек
в срце.

## РАЗГОВОР

Јас замислувам разговор со тебе,
некакво правдање,
некакво објаснување.
Јас смислувам прикладни зборови,
вистинити,
топли,
искрени докрај.
Можеби јас би ти кажал
во тој дијалог
дека, и покрај сето,
ти си повлекла виножито
над мојот живот,
дека ти си ме вклопила
во некаква неповторлива целост,
така што сè добило своја смисла,
како само по себе да се создало чудо.
Можеби малцина, а можеби и никој
не се измислил така себеси
како што сме се измислиле ние двајцата.
Па сепак, и покрај тој голем подем
по гест и збор,
на крајот заклучувам
дека е подобро да не дојде воопшто до тој
разговор.

## ВТОРА МЛАДОСТ

Каква смисла има
ова повторување на младоста
како што Макавеите
ја сумираат целата година?
Каква смисла има
штом е близок часот
кога сè се потура со пепел?
Никаква смисла нема
и не барај ја!
Тоа значи само
дека и животот има своја сила
со која
сè до овој луд час
ме крепел.

## **УЛАВШТИНИ**

Немој да се каеш
за улавштините,
само преку нив животот се открива
само преку нив допираме
до убавините,
што инаку разумот
со сивило ги покрива.

## ДЕКЕМВРИ

Брише ветрот,
влажно во темницата,
мириса на снег,
како обично пред свети Никола.
Ако утре рано,
на разбудување,
здогледаш белина
на крововите и дрвјата,
пак обичното ќе ти биде
уште еднаш во животот
најголемо изненадување.

## ПОРАКА

По брзите
мали
крилати сенки
по песокот
дури гледам долу
засенет од блесокот
знам дека над мене
лево десно
над темето
летаат ластовици
и ја бележат за мене
нејасната порака
на животот и времето.

## ЖЕШТИНА

Денеска
в небо,
оние сини анѓелчиња
со бели крилца,
цело јато,
што прават и што бараат?
Тие една голема,
тие една усвитена тепсија
облагаат со злато
и по неа,
по краиштата и средето,
со златни чеканчиња
маваат и
ѕингараат.

## СПОКОЈ

Седам така веќе  долго
и гледам:
пред мене езерото,
зад него планините
за попладневно смирување,
зашто сонцето губи силина.
Требаше да читам
или зборови да редам,
а еве не правам ништо.
Зошто така?
Најпосле, одвај, разбирам
дека сум се предал на милина.

## ГУГУЧКИ

Колку е убаво
околу
сѐ
дури сме две,
дури сме две!

Гугам и летам,
лета и гуга –
немаме ние
работа друга.

Нејќам да мислам,
нејќам да знам
како е сам,
како е сам!

## ВРСКА СО ЖИВОТОТ

Борчето е подраснато.
На лекиот ветар се ниша
од половината
со чувство за ритам.
Зад неговите гранчиња –
црвени цветови на олеандер,
натаму бел и црвен салонит,
по сината рамнина на езерото
до одвај видливите планини
на хоризонтот
спроти зајдисонцето.
Сето тоа е толку вешто смислено
и сплетено,
само за да те приврзе кон животот.

**ЛЕТО**

Дрочат лозјата во Ракотинци
и уште повеќе,
повисоко,
во Солне.
Сонцето пече, пече, пече,
и земјата
под тој пек
колне.

Таа земја не случајно
е црвеница.
Таа земја е посна
и малку ветува.
Но пред неа се шири на сонце
секоја зеница
спрема Караџица и Китка,
откаде што
длабока свежина се сетува.

Пече сонцето,
јужно,
силно
и на него златни пасма се точат.
Заправо, ништо друго не се случува,
само во Ракотинци и Солне
лозјата дрочат.

## ТАЖАЧКИ

Ми идат на сон седум тажни жени
по некој ред, по само нивни смени.

А како змија за срце ме касна
студена мисла и докрајно јасна:

Сè било случај во векот што мина
без одбрана од часот што нè скина.

И тие на сон идат да ми кажат
дека ме тажат и дека се тажат.

## СПОМЕН

Споменот возбудува
но и лекува.
Стариот човек не сака
никому да пречи и пререкува.

Дури и да знае
дека заемност го чека,
стариот човек
сам
молчејќи ќе пека.

Јасноста на својот спомен,
на секоја линија во него
што ја чува сликата на младоста,
тој нема да ја наруши со збор
за да украде дел од радоста.

Стариот човек поскоро
нема ништо да ризикува,
споменот од заборавот
тој веќе не го разликува.

## РАСЦЕП

Мојот сон е во расчекор
со моето јаве.
Што на јаве мислам,
сонот го ништи.
Како да живеам раздвоен?
На јаве мислам дека нешто значам,
сонот ми вели – не!
и ми се потсмева цинично.
А како да се држам до тоа,
и притоа да бидам сериозен,
да се држам до тоа
што ми го шепина сонот
како суштествено?

## **МИГ**

Изгаснато е огништето.
Цврчи уште само едно жарче,
по крајот ронка по ронка
по него се фаќа пепел.
О колку е предвидлива онаа рака
што токму во задниот миг
се наднесува над него
да сети топлина!

## СУВО ДРВО

Дрвото ги шири гранките
како раце
за преграб.
Но тоа е само навидум
пречекливо.
Нема веќе сок во него,
животот гасне
и сè полабава е врската
меѓу кората и стеблото.
Само зимата сè уште прикрива
дека тоа нема да пушти лист.

## **СТАРЦИ**

Ние сега радо би се виделе,
крвни непријатели
цел живот,
и молкум би признале,
без да мислиме на принципите,
дека сепак
не било толку важно
тоа за што сме се колеле
со заби,
и дека умираме
и едните и другите,
неуверени и неуверливи,
истоштени и слаби.
А сепак
со здивен пискот
сè уште сме готови да давиме,
иако ни е премален стискот.

## ЗАШТИТА

Колку им е потешко на младите
отколку нам
што некако сме ги изгледале.
Ние чекаме отпуст од животот
и молиме за разбирање
за нашите глупости,
а тие треба допрва да застанат
пред тој ист живот
и уште да нѐ штитат нас
со мера што ја определила
љубовта.

## ЛАСТОВИЦИ

Уште летаат ластовиците,
уште летаат
иако почнува раната есен,
заостанати,
вљубени во нашиот предел,
тие уште не можат да се одделат
од нас,
иако ги чека долг и неминовен пат.
И јас треба да се подготвувам за пат,
а сè ми е потешко да се движам.
Првпат се прашам
како им е на старите ластовици
што треба да летаат
а веќе им отежнале раменцата
на крилјата.

## ПРЕЖИВУВАЊЕ

Какви порази сме морале да издржиме,
какви срамови,
какви поруги.
Боже, умот дури ми се свртува!
Ни помагало нешто, нè крепело нешто,
некаква смешка, некаква површност, –
и по сето тоа
во нас
некаква надеж, некаква желба,
некаква скриена смисла
безрасудно
пак изртува!

## ОПИТ

Ова детенце,
тукуштo проодено
по паткањето,
ме уверува
со баткањето
дека животот бил чудесен.
Нашло кого да лаже!
Но кој,
и покрај својот горчлив опит,
да не му верува?

## ВИДЕЛО

Старата се смее,
дури се кикоти.
А вие си мислите – подобро да плаче,
да заоѓа од липоти.
Но неа сепак
уште, и уште
светлина ја грее
во кругот сѐ поширок, а мрачен.
И таа си вели
и се моли:
Боже, барем со левово окце
да гледам проѕирки бели,
па макар и да боли.

Старата се смее,
се кикоти и нешто си зборува,
виделото уште згаснато не е,
а полека догорува.

## ПО РАБОТ

Нам нешто не ни е таман,
како да молиме аман!
И како да нè зема
нешто – за спас да нема.
И како да се гаси
што треба да нè спаси.
Некаков лек зар има
зад неодгатната рима?

## РЕЗИГНАЦИЈА

Зошто ја чувствуваш оваа тага
што срцево го стегнала ледно,
кога е јасно дека си победен
и треба да ти е
веќе сѐ едно?

Треба да бидеш сосема мирен,
треба да бидеш докрајно мудар,
да чекаш така без возбуда
секаква навреда и удар.

Дури во тоа што се сака
не можеш сега да имаш вера –
странични желби влечат некаде
и не е денес што било вчера.

Зошто те стега оваа тага
што како магла се шири в гради?
Сега сме сосем беспомошни
ние што бевме силни и млади.

## ЖИВОТ И СМРТ

Да не бев роден,
би бил
како глув и слеп
и фатен,
да не бев роден,
не би знаел дури
што е леб
ни што е ден
и што е сончев поглед златен.

Да не бев роден,
ќе бев спокоен,
од сите животни маки
ослободен.

## ТЕМА

Ги нема,
значи – биле.
Па тоа не е лоша тема!
И јас сум бил
штом ќе ме снема.

## ЃОРЃИ БОЖИКОВ

Имала мајка имала
сина си Ѓорѓи Божиков!
Каква става, каква руса брада,
каков Вардар од глас!
Со него беше уште жив
и Гоце Делчев.
А сега повторно гине тој Гоце,
крвави во село Баница,
гине неговата од Жоро
смело замислена лика.
Нема веќе кој да запее
со таква сила и мекота
„Темен се облак зададе“,
да се гласи
како орел што клика.

## УСПЕНИЕ НА ВЛАДИМИР МОШИН

Ѕуни
ситната камбана
на Свети Димитрија.
Непризнатата црква
опева еден непризнат светител
на радост на самего Бога.

Тебе те испраќаме,
тебе,
Владимире Мошин,
тебе што дури од Петроград
се прибра најпосле овде,
да бидеш со нас
презирајќи ги фарисеите.

О поручниче,
о професоре,
о ставрофоре!

Дали случајно било
да станеме пријатели
ти и јас,
стари пријателе?
И сега јас,
збунет
да те испраќам?

## ВАСИЛ ЧИПОВ

Прости што не те испратив,
брате!
Така се случи.
Еднаш
кога го видов Островското Езеро
кај Пателе
на тебе се сетив
и со тебе ја делев
тогаш
на пролетта милината.
Сега,
вечен самотник,
жеден за братски преграб,
ти
верно
ме чекаш во глината.

# З Л А Т О В Р В
(1989)

*На споменот*
*на Цветанка Трпкова*

## ЉУБОВ

Некаде кајшто сум бил веќе
некогаш,
пак сега треба да се вратам.
Во што се претвораш, сило на љубовта во мене?
Зарем во нешто
што не можам уште да го сфатам?

Како развластен или опожарен
кој граба што му паднало под рака
да носи,
така те понесов цврсто преграбена,
а не знам заправо,
во избезуменост,
каква си сега
и дури што си.

Како ќе ти биде во новото жилиште,
во простор тесен, студен и јаден,
како ќе се менуваш и изобличуваш
ти тука,
пак не знам.
Сепак не те пуштам, како да сакам
да бидеш со мене,
да не ме оставаш
до денот последен
и часот заден.

## ВИНО

Убаво е виното во домаќинска куќа,
во обични чаши,
на сведни.
Убаво е виното
во дворците на монарсите,
во златни пехари
што ги допираат усни секогаш жедни.
Сепак,
најубаво е виното
од визбите на патријарсите,
црвено,
искресто како очи на ѕверка.
Јас сум го пиел само два-три пати,
скришно,
од рацете на бела калуѓерка.

*ЗЛАТОВРВ*

## ЗЛАТОВРВ

1.

Пак сум на Плетвар.
Ене го Златоврв!
Во синевината се извишил
пругоре в небо
и за секогаш.
Како со благослов да ме пречекува.
Здравствуј, Златоврв,
бдителу вечен
над лулки, свадби и закопи
овде
во мојот крај!

2.

Спокојна стено,
на диви гулаби жилиште,
на змија што низ твојот камен
по сончев постилач се лизга
од процеп до процеп!
Како штит што одбива сабји,
така ти ги одбиваш ровјите
од век на век,
без возбуда.
Го враќаш гласот на грмежите
во стократен ек,
да ’рскоти сѐ околу тебе.
Ќе почекаш да минат облаците,
за да се види
на златното сонце
дека го чуваш
привичниот мир.
Никој од смртните,
подложни на нездрав трепет,
дораснати за мигот,
но јадни за дните,
не може да го сети твоето уривање.

3.

Мнозина досега се решиле
да ја искачат твојата стрмнина,
стапка по стапка,
со притаен ужас над сурите пропасти.
Јас сум те гледал со восхит
од далеку.
Сега е доцна за подвиг.

4.

Сепак сум некако сврзан со тебе,
сурова грамадо од карпи,
камена камбано!
Почуј го овој восторжен повик
и не затворај се пред мене
во својата трајност!
И јас ги разбирам страните на светот,
каде и да сум,
по твојот гранитен лик во споменот.
Така се крепам ...

5.

Збогум и овој пат, Златоврв!
Виши се, горо,
и биди знак
и биди сведок
дека сум имал тука татковина
и дека и ние сме сеќавале
понекогаш
порив за подем и дури спокојство,
како да сме ти браќа.

*СИРМА*

## СИРМА

Таа одеше по Јама и Стогово
облечена во машка руба
и наметната со сакма.
Никој не разбра дека е таа девојка
дури не пукнаа пустите петлици
на нејзините гради.
Но таа со камен натфрли
и куршум провре низ прстен,
што никој друг не можеше,
и седумдесет дружина
одбраа Сирма војвода.
Никој не узна дека таа беше самовилска ќерка,
подложна на друга судбина.
И како да држи фурка таа
и како да му лула дете на тланик
на некој Јоан Попов?
Никој не сети што е нејзината крајна возбуда и наслада
и дали воопшто ја постига.
Само дека ги бара горските ширини
и пискотот на куршумите,
тоа го знаеја.
Можеби самата се проколнуваше
дека е таква!
И денеска има нејзини потомки во светов.
Родени за слобода,
загледани само во себе,
тие стануваат улави љубовници.

## ВИДЕНИЕ НА ИСАИЈА РАДЕВ МАЖОВСКИ ОД ЛАЗОРОПОЛЕ ВО ДЕБАРСКАТА ЗАНДАНА НА 8 ЈАНУАРИ 1889 ГОДИНА ВО ДЕСЕТ СААТОТ ПРЕТПЛАДНЕ

Седев испружен на лита рогузина,
налактен на левата рока,
со десната цигар си паља
од мангалот.
Гледав на запад.
„Тешко ти и горко, Исаија“,
си мисља,
„кој зноет шчо те чекат ушче!“

После си реков со умот:
„Ами свети Ѓорѓија, ами свет Димитрија,
не биле души?
И шчо извиделе, и шчо истргале,
и животта ја дале
за Ристоса!“

Тога се претстави пред мене
мож
речи триесетгодишен,
воин
во зелена облека.

– Шчо си се уфилил Исаија? –
праша.
– Таке и таке, Господине!
– Не бери гајле, Исаија!
Имат Господ над нас.

Ќе тргаш моки, за тргање,
ама и куртул имало за тебе.
Таке да зноеш!

Прибрав душа,
зедов здив,
тргнав од цигарот.

– Ами како влезе овде
низ тољку стражи,
Господине?

– Мене не моет никој да ме видит.
Слегов на коња
од Лазорополе
долу низ Вртешка.
Сега требет назад да се врата
брго-брго,
дур не догледала Дунава твоја
оту ме немат на иконата.

И го снема.

Тога ми текна
оту беше свети Ѓорѓија златен.

## ВОЈВОДАТА БЛАЖЕ ВО ИСПУСТЕНОТО БИРИНО

Бирино село малечко
во Крушовската планина.
Неколку куќи само
зад ѕидишта од плитар.
Обилно сонце во летно претпладне.
Жива душа нема.
Ни пес да лавне,
ни кокошка да чепне зрнце.
Само војводата Блаже,
тој ми Блаже Биринчето,
седнал на средсело скрснозе,
кренал глава,
засукал мустаќи,
испрчил гради,
наперил поглед,
пушката, мале, пушката,
пушката малихерата
ја клал на скутот
и не мрда
додека да го кадроса
Косте зограф и фотограф
за една книга за Илинден
што сум ја читал некогаш.

*Епилог*

Од тоа село Бирино
остана само кадрото,
пустото кадро Блажево.

*СКРЖАВИ ПЕСНИ*

## ГЛЕДАЊЕ ВО ФИЛЏАН

Еве една стара жена
забрадена со шамија
седи покрај прозорец
се налактила
гледа неподвижно надвор
те чека тебе
и толку е тажна
и толку е тажна.

А сега
еве и една голема празнина
како сиво небо
над долгата линија
на твојот живот.

## ПОГЛЕД

Гледам во мрачното небо
преку полето
право таму каде што ридот
го притиска матното небо,
сѐ во иста посока,
упорно се ѕирам
сѐ натаму, сѐ натаму,
сум го забил погледот
во истото матно небо,
длабам, длабам како со сврдел,
како да може погледот
да проникне подалеку
од ниското матно небо.

## РАЗГОВОР СО МАЈКАТА

1.

Рано те испративме по туѓи градишта.
Мал ни беше ти уште, уште малечок.
Што ако рече „не одам“? – си велевме.
А ти не プререче ништо
и отиде.
Да знаеш како £ било на мајка тогаш!
Перам,
а твојата преслека ми ја нема
под прстиве.
Простирам,
а твојата бела кошула ми ја нема
да ја погалам!

2.

Немој да ми кажуваш
твои сеќавања за мене!
Поарно со очи на друг,
што будно ме следеле,
никогаш самиот да не се видам себе.
Поарно да не сфатам никогаш
што се случувало
заправо
со мене.

## БОЛНИЧКА СОБА

Се трупа мрак во собата.
Креветот станува сплав,
го носи матен Вардар,
сега си веќе во витлите
под Сопот.
Напни мускули
здраво!
Утре
нека те раздени
пред Демир Капија
простум!

## ТРАВНИК

(Во родната куќа на Иво Андриќ)

Целиот овој град,
со реката,
со планините,
се сели во приказна,
како измислен,
сега штом ќе помислам
колку е нереално за нас
заправо,
како да било измислено,
она детство
што ни го прикажуваат овде.

## ПОЧЕТОК НА ДЕНОТ

Биди спокоен,
не бој се,
крепи вера!
И денеска ќе минеш
како вчера.

## СЕНКА

Оваа лека сенка преку патот
што неусетно падна,
сѐ уште проѕирна,
значи веќе вистинска пресуда над денот
иако никој и не помислува на тоа.
Таа паѓа како преку душата,
без никаква тежина,
само со неусетна нијанса на студ.
Но тоа значи потпис на пресуда
над денот.
По неа иде самрак,
па мрак.

## ОДЛАГАЊЕ

Есента мина по патека кална,
зимата поклопи студена.
Во бел и празен простор тална
духот, во предела судена.

Пак глочка оној невидлив јарем
и трпне снага истината.
Избегни го уште денеска барем
тажниот поглед на вистината.

## ПОЖАР

Ветрот од далеку носи гаровина.
Гасете дури е време!

Од другата страна на ридот
сузбиван и задишен
лази помешечки нагоре
огнот.

Гасете дури е време!

Тој брза да стигне на сртот
до првиот мрак,
за да се исправи горе спроти небото
со сиот раст,
да блесне
величествено страшен
пред да заслегува ваму.

Гасете дури е време!

## БОЛЕСТ

Биди добредојдена,
утко!
Направи си гнездо каде ти е драго
во мракот на ова тело.
Бдеј таму, утај и мавтај со крилја
во таа темница.
Ти имаш отсега благородна должност
да ме водиш постепено
макар низ маки
ако треба
до некаква само моја, крајна вистина.

## В ЗОРИ

Се развиделило.
Под твојот прозорец црцорат живо врапци.
Низ таа ситна врева се провира,
мек како јаток, гласот на гугучка.
Џагори несогласно и возбудено страчката.
Всушност,
ти секогаш си бил меѓу птиците,
а тоа ретко ти допира до свеста.
Ноќеска сте спиеле.
Сега се будите.

## ЧУВАЊЕ НА МРТОВЕЦ

Невидливата сенка на покојниот,
и таа седи меѓу нас
на едно слободно столче.
Ги спуштила рацете на коленици,
навела глава,
и само одвреме-навреме нè погледнува
скришум,
под око,
да провери
дали е уште присутен
оној израз на почит и тага
на нашите лица.

## ПОЛН ЦИКЛУС

*Варијација на една песна на турскиот*
*поет Фазил Хисни Дагларџа*

Подруго беше дури уште бевме четворицата:
Младоста, Љубовта, Смртта и Јас.

После останавме тројца:
Љубовта, Смртта и Јас.

А сега сме, еве, само двајца
лице в лице:
Смртта и Јас.

Отпрвин
таа држеше сосем скромно место,
Смртта.
Сега повасува,
за да не остане на крајот
ниеден
од четворицата.

## ЕСЕНСКО ЗАЈДИСОНЦЕ

Како да паднал камен в бунар,
како да спуштиле в гроб некого
по некој бесмислен суд –
сонцето зајде.
Никогаш така.
И никогаш ваков да се фати
околу срцето
студ.

## СЕЛСКИ ПАТ

Таа патека
тесна и кривуличава
ја провирам како конец низ игла
во мојот спомен.
Сега ме води по Каменици.
Еве ме, стасав и до чешмата.
Тука е отепан Соколе наш
во пусто турско.
Го протнав патчето сè до Сивец.
Оттука веќе се гледа долу
Небрегово.

## МАЈАКОВСКИ

Се случи да остане сосем сам.
Го порази наглата свест
за бесконечната оддалеченост
дури и на најблиската душа,
како да е дете што првпат сетило
дека мајка му има и други грижи,
па и занеси.
Разбра
во таа празнина
дека му нема спас
и дека битот веќе го раскостил
љубовниот чун.

## МОЛБА

Ти доживеа јас да влечам изнемоштено тело.
Немој барем со внимателен однос
да ми ја одлагаш
онаа остра болка што ми припаѓа
и што единствено можам
сега и вака
да ја доживувам со сето свое суштество.

## ВО ПАРКОТ

Почекај ме дури да се вратам.
Најди добро место за седење.
Не е важен разговорот.
Може и да молчиме.
Уште е топло,
иако сонцето заоѓа.
Уште е светло,
иако се ближи мракот.

## ДУЊА

И оваа есен, како лани, ти си втурена од род.
Не ти наштетиле многу ненадејните ноќни студови
во марта.
Си ги зачувала крупните жолти плодови
и ги криеш сега како в пазуви
милосно,
зашто со нив си самата поубава.
Заправо, тебе ти е можеби сеедно,
ти секако би стоела вака нема и спокојна
па што да дојде.
Го велам тоа
и веднаш се прашувам:
а што разбираме ние од радоста и маката
на другите?

## СПОМЕНИТЕ

Што ми е грижа што било лага
и каде водела измамна трага?
Целиот живот ми се спомените.

И за преоценка да дошло време,
не може никој нив да ми ги земе.
Целиот живот ми се спомените.

По моја волја тие се редат,
и илузиите нешто да вредат.
Целиот живот ми се спомените.

Јас само над нив со власт крајна
создавам своја родина тајна.
Целиот живот ми се спомените.

## НА СОНЦЕ

Ова е есенско сонце.
Сврти се со грб накај него,
да сетат топлина плешките.
Постој така.
Сврти се сега со лице,
замижи и замисли се:
се ретчат ваквите денови.

**ПЕНЗИОНЕРИ**

Прв ден во месецот.
Есенско утро како на дожд.
Тие се нашле веќе во купче
пред поштата,
рано,
изѕемнати, –
збирај раменици под лити палтенца.
Мрморат нешто важно под нос.
Едното око им е во вратата,
да не го пропуштат чеканиот момент.
А штом вратата се отвора,
брзо се растура нивниот собир,
секој се пушта по својот поштар.
Кој ќе го чека инаку до пладне?
Ситните пари ги оставаат бакшиш.

Дома стутулени бабичките.
Треба за денеска лебец и млекце
и малце зарзават.
А бре Македонче!

## СОВЕСТ

Колку може мачка
да ишмука коска од копан!
Ја остава на сонце да се суши
до белината на креда
што крцка под заби.
А тоа сонце пече право в теме.
Сосем си гол.
Нигде сенка.
Залудно ги креваш рацете над глава.
Шмука и пече совеста.

## ГРОБОВИ

Среќен е тој што може да запали свеќа
на гробот на своите предци.
Застанува потоа молкум
со наведена глава
и гледа како се шета жолтиот пламен
во камарчето.
Воспоставен е контактот,
и никој не е тогаш посилен од човека,
ни самата смрт.
Тоа е час на негова победа.

А како му е на слепиот
што не може да види ништо такво?
Но тој го има својот опип,
тој ќе се спушти на коленици,
ќе ја помазни со дланка студената плоча
или просто набиената земја
и пак се исправа
и тој како победник.

Зараснуваат моите гробови во бурјан,
патеките меѓу нив во пиреј.
Се губат нишаните.
Сè помалку се оние што ги знаат
и што можат да ме доведат до нив.
Мои покојници,
како ќе ви ја потврдам тогаш својата верност
и како ќе ја обновам,
за да има мир во душава?

## МРША

На прв поглед се установува дека
тоа било природна смрт.
Мало тело на мачка,
вкочането.
Нозете напред и назад сосем испружени,
да биде поблизок допирот до земјата,
на која легнало главчето.
Смртта настапила
сигурно
на некое поскришно место.
Некој ја пласнал ситната мрша
на улица,
до кантите за ѓубре.
Тоа е мачка.
А можел да биде и пес.
Добро што е утрово студено.

## БОЛКА

Ти не плаши се од неа,
таа може и да тивне
како жив жар што се потура со пепел,
за пак да се распрета
и да светне сепак малку потемно.
Па и ќе свикнеш
да се движиш и да мируваш така,
што помалку да глочка.
Само понекогаш ќе те жегне
како отворена рана.

## ВИДУВАЊЕ

Дошол стрико Петруш од Дреновци.
Кондисал кај Евремовци.
Нели го прават Митроен.
Еј од кога не е дојден!
Од оломнани.
Го фатил далак, кутриот.
Д' одиме да го видиме.
Сега е време да се скрши некој лаф со него.
Оти
што знаеш што носи денот
што носи ноќта.
Едно видување – еден век.

## БЛАГОСЛОВ

Благословени да сте, ситни маки,
вие дребни,
вие мали,
уште подобро ако сте измислени,
зашто ни се чините толку тешки,
толку страшни,
несносни,
та поради тоа не го сеќаваме
така остро и луто
како што би требало,
ами само како тивната тегоба,
присуството
во нас
на главната, разорна болка.

## МАГЛЕНО УТРО

Сонцето е потурено со пепел.
Чекај
да го распрета вселенскиот ветар.
Ваквите утра се создадени за гроза.
Боцки во пискитe, од студ.
Готов сум да прифатам секаков пораз,
ги кревам рацете горе.
Само едно уште не можам да замислам –
ти да ми бидеш туѓ човек.

## СВЕЖИНА

Студено Варило –
чешма во леската под Златоврв.
Жуберка водата
во дванаесет коритца
камени,
од едно во друго претекува.
Сонце просеано низ клепките,
ромор во слухот,
бистер здив.
Што останало животна свежина во мене,
отаде потекнува.

## С Е И З М О Г Р А Ф
## (1989)

*ЖИВОТЕН ПАТ*

## ЗБОРОТ

Чувај го зборот добро врзан
како необучен коњ
што знае
да каса, да клоца, да мава.
Чувај го!
Зашто
ако го пуштиш така
разоглавен по чаирите,
којзнае која луда глава
ќе посака
да го јава.

## СТЕРЕОТИПИ

Кај да се свртам –
големи примери,
готови обрасци за подражавање,
како да стојам меѓу огледала
во кои откривам туѓи ликови,
кај што го барам својот.
Па како да ја насетам тогаш
мерата според сопствената ќуд?
Но, може, Духот не смислил уште
што да изговорам
и што да сторам
пак место него и по негов суд!

## ДОЖД

Овој дожд што ромори цела ноќ
во темницата
и што во матново утро
прави клобурци во вирчињата,
овој дожд
по толку месеци суша,
кога земјата пекаше за водичка,
доаѓа најпосле како благодет
и надеж
за секоја тревка што никнува
во пролетта,
и дури како благослов
и смирување на душите
по кои влакнести морници лазат,
овој пролетен дожд,
овој дожд
ќе ја ублажи можеби
макар малку
и омразата.

## ОДА НА УМОТ

О виспрен уме!
Како орелон ти си што се издига
и кружи во вишноно небо!
И не само во ведар ден,
кога погледот му отсликува
секој белутрак и секоја бразда
долу на земјата,
ами и во зол час,
кога горат планињето
и пламни го лижат сводот.
Го зафаќа тогаш огнот и неговото гнездо
сосе неврсните пилци,
подгорени £ се крилјата на орлицата
беспомошна над нив.
Со диви крици
тој се спушта и пак се извишува, и пак.
Од сите страни поклопил чадот
и сѐ се смрачило во видокругот,
само над него на синило проблесок
како насолзено око
што полека се затвора.
Или
како испустен човек, муаџир
што бега пред силата
сѐ оставајќи зад себе,
ти веќе смислуваш каде да се приплеска
макар колиба
место родниот дом,
за да се живее, кога дошло,

живот и без љубов.
Зашто ти треба да проникнеш во сè
и да прифатиш сè,
возвишен уме!

**ВЕРА**

Веро на нашата младост,
што стори од нив што направи!
Од едни ситни праматари,
од други сити берокуќници добивници
без со прст да мрднат,
од трети маченици на твојот збор. –
Така си шепотат меѓу себе
гробовите на оние млади луѓе, уште деца,
што еднаш го положија животот.

## ОЧОВЕЧУВАЊЕ

Штом тие можеле така да помислат,
и дури да ми го речат,
јас не знам што е слободен здив
од гради ширно широки
целиот свет да загрнат.
Не:
роди се човек – роб биди,
ами:
роди се роб и роб биди,
Кочо Рацине, брате!

## ЖИВОТЕН ПАТ

Еве деведесет правам
оваа година.
Како не ме вркна некоја пушка,
како не ме сотре некоја чума,
а и зошто сум се родила!
Умов се мати и се лушка.
И пак сака да дума.
Сè се запустило, се истребило.
А ми се чини како вчера да било,
како да не било.

## **НЕМОШ**

Тоа се случува така со секого,
со човек, со птица, со волк:
последен порив, последен повик,
последен подем или полет,
потоа пад и молк.

Плачат во мене последните десет години
на исцрпување
од возбуди и болка што клука,
липаат како напуштени деца
сами пред замандалена порта
на која
со голи раце
немошта чука.

## СЛАБОСТА

*Мојата сила е во мојата слабост.*
Апостол Павле

Не е работата
што мојата сила се скрши,
се навали на левата страна,
ами пред сѐ
што и самата моја слабост
сврши
и беспредметна стана.

## ПОТСТАНАР

Понекогаш
кога излегувам од спалната,
туку некој силно ќе ме чепне со рамото
како невнимателен минувач.
„Полека!“ – ми иде да му свикам.
Но веднаш ми текнува
дека тој е невидлив,
па затоа заправо и не сум сигурен
дали воопшто го има.
Сепак
сѐ уште добро го чувствувам,
кога помислувам така,
оној допир на клучната коска.

## МОЈАТА ПЕСНА

И таа, како некоја болничарка,
често
во последно време
се наведуваше
над мојот болеснички кревет.
Јас ја слушав, а
таа ми кажуваше
колку £ е тешко во светов.
И некако
од тие нејзини зборови
на душава
ми олеснуваше.

## ПОЧИНКА

Сосем во себе!
Како желка
собрана во корупката,
како змија
притаена во дупката.
Како да нема ништо надвор
да шушне ниту да живне.
Секоја мисла
и секој усет
во тебе нека тивне.
Шепот на крвта.
Ни тоа нема да трае.
Но сепак само така
до крајни длабини
душата може да здивне.

## ДИВИНА

Крици на ноќни птици
го сечат како секавици
мракот.
Тие сепак ме смируваат
некако
во бессоницата,
било да се размерени
или нагли, остри и раскинати,
зашто ја нарушуваат
тивнатата, здодевна бучава на градот.
Тие идат како повик на дивината
во темницава.

## ВЕЛИГДЕНСКО ЈАЈЦЕ

Црвено за здравје,
црвено за радост,
црвено за среќа!
Црвено бело, здрав жив!
Црвено бело по десното обравче,
црвено бело по левото,
да се закикоти од тој мазен скокот
нашето машко дете.
А за нас – помала тежина,
надеж и спомен на свежина.
Ете!

## ПОХВАЛА

Исусе Христе, Боже наш!
Те сакам заради твоите слабости
и потклекнувања.
Со нив
ти остави утеха и приглед
и за нас ништожните.
Зашто ти не се извиши над нас,
како што можеше,
во сурова и презрителна надмошност.

Кога Марија, сестра £ на Марта,
ги изми твоите нозе
со своите бели раце
и ги избриша со своите црни коси,
таа ги мачкаше долго и нежно
со скапоцено миро.

Тогаш, твоите ученици свикаа,
сметајќи, секако, дека
ја погаѓаат твојата мисла:
„Зошто ова миро отиде попусто,
а можеше да биде продадено
за триесет сребреници,
и парите да им се раздадат на сиромаси!“

Но ти рече:
„Сиромасите секогаш ќе ги имате меѓу вас,
а мене не“.
А во себе помисли:
„О бездушници!

Зошто ми го зацрнувате
овој редок миг
на чудесна земна љубов
во мојот живот?!“

Исусе, Боже наш,
те сакам заради таа помисла!

*ГОДИШНИНА*

## ТАТКОВИНА

Со замислени меѓи
сум ја означил својата татковина.
Сум поставил белеги на сите нејзини граници
и на сите стратегиски точки:
на тераси над реки, езера и над морскиот брег
кај што сум седел долго со пријатели
во летни вечери,
при чашка црвено вино.
На пазаришта со раскошни бои и опојни мириси
од есенското обилие.
На планински врвови
кога низ проретчени облаци
се открива поглед во далечни предели.
До кај што сум ја пронесол својата љубов,
дотаму е мојата татковина.
А вие, еј!
На што сте смислиле да ја сведете?!

## ОСАМЕНОСТ

Ги изгубив собеседниците во себе.
Ликовите на кои бев свикнат
да им се обраќам,
да им доверувам најскришни работи,
да им покажувам колку сум духовит,
колку сум добар,
колку благороден,
готов да разберам сѐ,
а колку сепак страдам, –
сега вртат глава од мене,
се прават да не ме слушаат,
уште не ми се врекнале,
но јас чувствувам дека им пречам,
им здодевам,
и нашата блискост им станува тешка.
Глуво е во мене како во празна сала.
Немам собеседници.

## СЕБЕСОЗДАВАЊЕ

Така, со заемни ситни притворства,
за да се покажеме,
сигурни дека ќе минеме неоткриени, –
го градиме ние ден за ден,
дури со години,
подобриот дел од себеси.
Потоа како лута зима
неочекувано вистината доаѓа
и останува
да виси во воздух
уште малку,
призрачна,
таа наша лична зграда.
Урнат е нашиот привид.
Доцна
да се измислуваме наново.

## ОБВРСКА

Сфати ја со сета сериозност
оваа обврска,
уште посилна дека заемна:
и без да го знаеш досега тоа
ние сме се задолжиле да го чуваме
споменот еден за друг.
Ќе минат сите површни оддалечувања,
ќе дојде час на враќање
кон загубеното,
за да се згрее душата макар малце
на него,
како што изѕемнатиот ги грее
рацете
на жив жар, под распретаната пепел.

## ГОДИШНИНА I

Каква година! Во неа здиве пак
една калемена слива.
Горчливи плодови станаа дниве –
скомина жива.
И сѐ што било средено, јасно
поплава луда го сруши
и само тињиште остана гнасно
меѓу делените души.
Над матна река на два брега
одвај нѐ сврзува спомен.
Попусто подаваш рака сега
кон еден човек ломен.

## ГОДИШНИНА II

Оваа вечер
лани пролетта
беше необична и невидена.
Има ли некој
освен мене
да си ја спомина?
А сега, вечерва,
еве
ме тишти
сето што било
и што помина.

## ПОУКА

Ти што кажуваше,
иако тогаш зелен и неопитен,
дека не само со телото,
ами и со душата
жена се сака,
еве сега да видиш и да сетиш
за сигурно
дека било токму така.

## ЗЛОСТОРСТВО

Што со години ме држело
приврзан за животот
сега се губи –
она девојче што јас го открив
во тебе,
ти го уби.
Тоа злосторство на сон ми се кажа,
таа свика ужасена да ја спасам,
но сето се случи далеку од мене,
и во јавето,
таму
каде што не можев да стасам.

## ПРИВРЗАНОСТ

Таа што почна да вене,
таа ме приврза мене.
Верно исчекувам сега
и кога далеку бега.
По една позната трага
самрачна доаѓа тага.
Жалот што и таа вене
сиот ме обзема мене.

## ЧЕКАЊЕ

Што чекаш така ден за ден
и зошто толку напрегаш слух?
Зошто си сосем занесен
како да зашол твојот дух?
Како да следиш нечуен глас
дури од некој далечен двор?
Не чекај! Сам си во овој час,
никој не смислува за тебе збор.

## СУДБИНА

Што сега усвит негде фати,
по само свои желби зајде,
знам таа еднаш ќе се врати,
но мене нема да ме најде.

И тогаш ќе £ стане јасно
под студен поглед на неми злости:
за каење е веќе касно,
го нема оној што ќе прости.

И исто чувство ќе ја демне
што сега мене, по иста трага:
безразличност од мраз што ѕемне
во сета душа и сета снага.

На своe место ќе се стави
што сега безумно се сплетка
и дури тогаш ќе се прави
за мојот живот крајна сметка.

## ЗНАМЕ

Тоа беше чудесен ден
од есенско сонце позлатен!
Тоа не можев ни да го сонувам
дури и кога бев млад.
Како црвено знаме те пронесов
до моето десно рамено
низ старите скопски улици
под сончев водопад.

О мои црвени виулици!

## ДОПИР

По толку време
ме страв
дека сме сосем испразнети.
О камо ја онаа полнота
на нашите души
што ќе зазвучеше
метално
како гонг
при најмал допир!

## ПТИЦИ

*(Скулптура)*

На тоа што е само миг во животот
бронзата му дала привид на
трајност.
Двете птици се допреле во лет
и како за преграб и милувка
ги вкрстиле крилјата.
Но сè минува во животот,
а смртта избира за секого
свој час.
Кога едната еднаш
ќе го навали беспомошно главчето,
другата својот ужас ќе го огласи со крик.
Но гладоста ја тера
и жедоста ја гони,
а крилјата ја силат
да летне пак.

## **ОЈ ЛОЗЕНО!**

*(Стилизација на народна песна од Кочанско)*

Ој Лозено, Лозено девојко!
Која гора зиме е зелена?
Бршљан-гора зиме е зелена,
па и она самотворна не е,
и она се уз камен узвива.

Ој Лозено, Лозено девојко!
Чија ли е душа огневита?
Моминска е душа огневита,
па и она самородна не е,
и она се уз ерген вивнува.

*ЗАНАЕТ*

## МАКЕДОНСКИ ПОЕТИ

Каква судбина!
Да ти се чини дека правиш
најзалудна работа на светов.
А сепак Рацин и Вапцаров
како два силни бора
шумат
и пак е
сè
со човечка смисла
исполнето.

## ЛАЖНИ ПРОРОЦИ

*(По евангелието)*

Ќе дојде време на лажни пророци
што божем во мое име
ќе ве збираат по плоштадите,
ќе креваат врева до небеси,
ќе се бувтаат во градите.
Немојте да им верувате!
Тие мислат само на себеси.
Што дека прогласуваат
дека ве спасуваат!
Бес ги распина внатре
душите да ви ги затре.
Тие варосани гробови!
Не да им станете робови!

## ПЛАДНЕ

Се закажува летото
на мајско пладне во негата.
Сенката и светлината
се делат јасно порабени.
Но воздухот не трепети
и далеку е жегата,
како да дреме сонцето –
зраците идат ослабени.

Колку е убаво!

## СЛАВА

Си доживеал како ќе профучи
фуртуната, –
се вијат витли прашишта,
се кршат гранки и ќерамиди,
и пак станува тихо.
Си видел како ќе се разбесни морето
до бескрај
со шум и лом
и прскање на пењи,
и пак се постила во недоглед
мазна површина.
Не се повлекува плодна бразда по онега
што не може со благ,
одвај чуен збор
да ја стопли душата на неколцина барем
околу себе,
барем на толку
колку што може да засити самиот
со еден сомун топол леб
што им го крши со раце.

Па што дека останала слава!

## МАЈКА

Нема утеха за оваа мајка
по смртта на единствениот син.
Секој збор на поткрепа
треба трипати да го премериш
пред да £ го кажеш.
Таа презира плитко сочувство
кое ништо не разбира.
Таа не сака да £ се смали болката,
ами да придобива со секој ден величие
и сè подлабока содржина,
таа самата се претвора во неа
и само како прочистена болка
се крепи и уште се одржува.

## КНЕЗ АНДРЕЈ

Те сфаќам добро кога,
смртно ранет,
ти прости редум секому и сѐ:
суета,
подлост,
изневера,
пакост.
Така се прости заправо од злоста
што животот го крепи.
И дури тогаш во твојата душа,
на истек дури,
со нова смисла и подлабока
зазвучи зборот на светата книга
што си ја читал само површно.

## ЗАНАЕТ

Што лош занает!
Да правиш, и тоа
за непознати муштерии:
молитви, гачки, клетви, и плачки,
да измислуваш дури нови пцости
за стари злости,
да кроиш, да заменуваш зборови
веќе излижани и ветви,
да ги редиш како за смешка,
не толку нешто за да речат,
ами повеќе како ѕвечалки да ѕвечат.
Работа чудна, залудна, а тешка!
Како не појде на столари, дограмаџии
или макар на чевлари, кондураџии!
Тоа ти е грешка.

## СУВО ДРВО

Нему само му се чини
дека и тоа шуми
меѓу сите дрвја во коријата
кога ветрот ќе задува
и тие од корен јачат.
Потребна му е голема мудрост
да сфати дека не е така
и дека само привиди го мачат.

## ОДМАЗДА

Се чипчиме за животот,
бегаме од смртта,
гледаме некако да ја залажеме.
Секој отима,
не мисли за утре,
вјаса, зема.
И само најмилите
понекогаш
сакаме да ги накажеме
со тоа
што ќе нѐ снема.
Да видат тие
што сме им значеле ние!

## ТАГА

Го утопи тагата зборот
под самата кора на стихот.
Јас денеска тагувам горко,
јас тагувам денеска тихо.

И узрева мојата тага
со здивот на раната есен,
по песокот остава трага
несигурен чекор и стресен.

Со тревога гласот ми звучи,
недоветно нешто да бладам.
Но тагата мене ме учи
да тивнам, да траам, да страдам.

Со тага се утопи зборот
под тврдата кора на стихот.
Јас денеска тагувам горко,
јас тагувам денеска тихо.

## ПРОМЕНИ

Цела ноќ врне.
Цела ноќ сонот ја преобразува
мојата мака.
Се будам
и се чудам што беше оваа тежина.
Но веднаш се сеќавам
и маката го добива пак
своето старо име.
Има толку причини да се сожалуваме.
Уште капе.
Но наскоро може да настапи разведрување.

## ПРЕМАЛА

Понекогаш му доаѓа на човека
да се загреви над себеси.
Се гледа како отстрана
и самиот себе се жала:
„Кутриот
и овој
уште нешто сака,
уште нешто плетка“.
Чувај се од таква премала,
човече!
Ти не си роден тукутака.
Води сметка!

## ВАНГЕЛ

Заради таквите луѓе
сонцето и нас нè грее.
Зборот ми е за Вангела
од Варошко маало.
Никој како него не е.
Двете тополчиња ги паметите
кај Средочнà вода на Маркукуле?
Како дете
што капинки таму сум јадел!
И вие може сте чуле,
а мене не ме зачуди
кога разбрав
дека тие две тополчиња
некогаш
не некој друг
ами пак Вангел ги садел.

# НЕБЕСКА РЕКА
(1991)

*НЕБЕСКА РЕКА*

## НА МОИТЕ ПЕСНИ

Ретко ќе доаѓа некој до вас.
Ќе бидете и сосем заборавени.
Како патник на починка
што разгрнувајќи го бршланот
открива гробна плоча,
така некој случаен намерник
под лисјата на вашите зборови
ќе насети скриена смисла.
Тогаш сведочете за мене!

## ХОТЕЛИ

Сега
од оваа раздалечина
животот ми се чини
иситнет на ситни денови и ноќи
во вашите соби,
случајно отворени за мене
од Охрид до Иркутск,
од Штип до Бостон,
вкрст
Кој да го состави сега пак тој филм
од измешани сликчиња!
Сонувам
заборавени броеви,
загубени клучеви,
расипани лифтови,
некаде зафрлен багаж,
неплатени сметки –
да пропадне човек земи од срам!
О, случајни пристаништа
за мојата заскитана галија,
кој ќе ми го врати сега парчосаното време,
Да го предоживеам,
макар во споменот,
како непрекинат тек!
Боли сѐ што се видело и што се случило.

## НА ОДМОР

Издржи сега уште малку,
кога тишината во зеленилово
под мирно небо
од сѐ на светов те исклучува.
Издржи сега да не пукне
и да не олцне нешто во свеста
што сепак знае:
привидно само се чини
дека ништо околу не се случува.

## МОЛИТВА

Дојди од некаде, слатко спокојство,
во самотната душа.
(Доста немири и бранувања!)
Да стане најпосле самата таа
спокоен брег
што го пречекува
и го смирува
бесот на секој бран.

## НОЌ

Оваа ноќ е опасна.
Оваа ноќ е на трагични пораки.
Таа почна со необично длабоко молчење
на двата кипариса
во стемнетиот двор.
Таа продолжи со бесоница
во која човек сѐ ќе си каже
отворено
и сѐ ќе си искоби
до зората.
Таа ќе заврши со гроза.

## СТАНУВАЊЕ НОЌЕ

Добро увежбана варијанта.
Истај го ќебето лево до ѕидот.
Спушти ги нозете од другата страна.
Полека само во мракот.
Тука чкрапни.
Тука пак чкрапни.
Пушти ја славината.
Доста.
Затвори.
Сега назад по истиот пат.
Тука чкрапни.
Тука пак чкрапни.
Пак е сосема темно.
Легни и покри се.
Мало средување на мислите.
Мижи да завенеш.

## ПРЕОБРАЖЕЊЕ

Нежно
ме дели од постелата,
да не се сетам што станува,
да не ме доболи,
да не ми биде тешко.
Кажете ми пат во натамошниот живот,
правете место за потурнат човек!
Секогаш
друга рамка го чека телото,
со веќе назначен нимб.
Каде што лежам сега на грб
тревата била разгазена.
Над мене зелен бор,
над него сино небо.
Секогаш
друга лулка го чека телото,
да го заниша,
да го занесе,
да го приспие.
Така
од лулка до гроб.

## **ЖИВОТОТ**

Шумат водопади
некаде пред нас,
и сè е посилен нивниот шум.
Течи, животе,
течи, мој единствен,
носи ме и мене низ нови предели
до претскажаниот крај.
Носи ме натаму
сè до утоката,
до смирувањето
во безимената шир.

## ТРАЈНОСТ

Ова меѓу нас
имаше почеток,
но нема крај.
И јас не го чекам.
И ќе се претвора тоа по некој ред
во болка, тревога, омраза, презир,
во мачен внатрешен спор.
Но и по смртта нема да исчезне,
ниту ќе тивне
да се огласува,
дури пречистено,
од вакви записи на возбуден збор.

## **НА МОЈОТ БАСТУН**

Полека се сродувам со тебе.
Понекогаш ми се чини дека ти
ми остануваш единствена опора
во мојот преостанат живот.
Барем највeрна.
Затоа
и на тебе треба да пренесам
дел од љубовта.

## ЗАБРАНА

Страшни се овие работи.
Овие мисли се клети.
Поарно молчи за таков ѓаволски пород.
Можеби никогаш со толку јасност
друг нема вакво нешто да сети.
Па зошто тогаш тоа да најде
поткрепа во зборот?

## НЕМИР

Ова сето личи на
кошмарен сплет.
Ме тишти срцето
и нездраво мрзне снагата.
А не знам што е главната причина:
дали болеста,
дали староста,
дали тагата.

## СТУДЕНА СКУЛПТУРА

Искапи се во студ,
исплискај се со студ
по лицето
по вратот
по сета снага,
да влезе студот в коски
и под нокти
со спици,
да станеш студен кип,
сталактит од мраз.

**ЈАСНОСТ**

Не можам да ја довршам мислата –
ја оставам по пат,
како овцине руно по трњето,
како облакон магли по долиштата,
како кога чекаш сонцето да ѕирне,
а пак поклопува темничило.
Ја влечкам
како изнемоштен човек тежок товар
што го остава секој час наземи
да земе душа.
Како да ја довршам мислата?
Ми се отпушта како котелец
од игла плетачка,
како риба од јадица,
како птица од примка.
Всушност
се штрекам пред крајната јасност.

## СЕБЕПОЗНАВАЊЕ

Се будам во мракот.
Сосем е темно.
Минам со рака по челото.
Несомнено
тој сум,
а не знам ни зошто ни како.
И не знам ни како ни зошто
сум
дури
носител на судбина.

## ЗАЛЕЗ

Оваа болка е величествен залез
на љубовта,
како руменило на запад
во летна приквечер.
Неусетно скипнува раскошниот прелив
на боите,
се кинат една по една
нежните жилки на жалот.

## ПРЕДЕЛА

Оставете ме најпосле на мира, вие луѓе,
со вашите планови и нови проекти,
со вашите собири, тела, симпозиуми,
со сета врева, јагма и шум.
Јас се борам за уште малку разговор
со птиците
и се борам за уште малку тишина
меѓу тревките.
Оставете ме да си починам!
Што сум имал важно да кажам,
сѐ е кажано,
понекогаш со толку звучни зборови,
што дури ми иде срам.

## ВНАТРЕШЕН ДИЈАЛОГ

Ти сакаш да ме увериш
дека сум јаден и лит
и дека ништо во мојот живот
не носи знак на величие.
Но јас сум тој што се слуша,
од мене зависи сѐ!
Ти сакаш да ме понижиш сосем,
да ми предочиш јасно
дека се лажам самиот
и дека секој мој подем
бил измислен.
Сети се – ми велиш –
како се витка црвец во кал.
Но сепак сѐ зависи од мене!
Јас сум, види, чувар на својата гордост,
и не очекувај да се помирам
со бесмислената ништожност.

## НАПУШТЕНОСТ

Тоа се сите песни во твојот живот
чуени некогаш
во присуство на љубовта,
тоа што сега го слушаш.

Далеку негде триста хорови како да ги пеат
на триста места а едновремено,
така ти иде до слухот.

Тие пеат,
но сè потихо, сè потихо,
сè потихо,
и подалеку.
До молк.

Се гасат постепено испреметкани слики,
скипнува нагло сета музика во светот.

Не слушаш веќе ништо.

## ИМЕНДЕН

Утре е Водици,
името на татка ти.
Студи.
Кој знае дали пак некој наш
ќе појде на гробишта
да запали свеќа,
да му светне на домаќинот мој.
Студи.
Крв.

## ЈАСНИК

Овој јасник ноќеска
сите јасници од сите зими
досега
како да ги збрал.
Сè е скочането како мразулец
и остро како сек од меч –
остар здив,
остар штрек,
студено остар жал.

**ТЕМЕЛ**

О вие мили! О вие љубени наши!
Вие сте премногу важни за нас
во животот.
На вас се крепи нашата душа, –
и се исправаме, колку што може,
простум.
Камен сте ни темелник,
а ломни.

## ПРЕОБРАЗБА

Тешко нам, и тешко нему,
на стариот мој.
Душата му знае како му е.
Туку нека пречкрта барем уште две-три зими.
Неговото се видело.

Така рече таа, а јас велам:

Никогаш не се губат љубовните зборови.
Само се претвораат во пепел
како сè што горело.

## ЖИВОТОТ

*(Според Октоихот)*

Што ти бил животот!
Сон од привид да делиме!
А секој земјанин со земјата се стопува.
И целиот свет да стане еднаш наш,
пак в гроб ќе се вселиме.
Гробот
и царевите и убозите,
безнадежно,
ги поклопува.

## ОПИТ

*Земја си, и во земја ќе се претвориш,* –
стопати сум го чул
и стопати
сам го имам повторувано.
А дури сега првпат сетив,
замислен над себе
и над тие зборови,
дека ништо не е речено
пред да било од некого
сосем така
и почувствувано.

## ПРОЛЕТ

Неусетно, од веков нас споменот нè дели.
И пролетта ја снема штом младоста ни свена.
И пролетта во крајот на споменот се сели
со мирисот на бозеј под мишките на жена.

## СТРАНЕЦ

Тој заблудан беше, а срцето врело,
што нејќе да знае и нејќе да слуша.
Му омиле едно лажовито тело,
му омиле една лажовита душа.

А сега е морен, магијата гине,
и сам си се чини пред себеси странец.
Рамнодушна мисла низ умот му мине,
да оспори дури највозвишен занес.

Но тој, како Милтон што жедно го слави
на пролетта цутот, а слеп, стар и сломен –
презрениот лик го чека да се јави
што сепак го вклучил во оплоден спомен.

## ГРАД

Ти си древен, о граде,
но бедна е твојата археологија
без твоите слоеви
овде в душа.

Овде, преку градиве, ти ме раслојуваш
по границите
на младоста,
зрелата доба
и староста.

Мислев дека се доближуваме,
а сега гледам зачуден –
бескрајно сме далеку, одеднаш.
Ме отфрли и мене како и толку други.

*Јас ти приоѓав во мислите*
*како на родител што му се приоѓа,*
а ти ме пречека со ваков хмурен ден,
иако мајски,
за да ја подвлечеш студената оддалеченост.

Каде што сум одел со широко отворени очи,
сега одам по тебе со слепечко пипање.

Никој не ме чека на старите места: па
*зошто дојдов сега кај што*
*сме минеле двата ние?*

Секогаш каснела,
а сега нема ни да стигне.

Туѓи се аглите и ресторанite,
туѓи стреите под ненадеен дожд.

Далеку било!
Жалосна е сета присебност
и решеноста да се издржи,
па макар колку цврста.
Всушност,
како со нешто обично и разбирливо
се мирам, како на минување,
дури и со една посета на смртта.

Ти ми ги поништуваш
запаметените дни и ноќи.
*И по закони груби*
*цел еден живот се губи,*
хмурен граде!

## ГНЕВ

Студена пот по челото,
студена пот под мишките.
Бигор го вкочанил телото,
нечујно тлеат издишките.

Тешко се гледа некаде крајот,
надежта барем да се спаси.
Те крепи само гневот
со право клетви да гласи.

Но зар е и тоа некаква утеха –
да плукаш по гнаси!

## ЕПИТАФ ЗА ВОЈНИКОТ ОД СПЛИТ

Тие мислеа дека ќе зацрнат една омразна мајка,
инаку можеби не би стегале толку цврсто
нивните раце околу вратот.
О татковци на народот,
водете ги само напред своите башибозуци
кон славата на татковината.
Свет и светол е пред вас патот!

8 мај 1991

**НАДЕЖ**

Секого од нив го мачи некоја сопствена мака.
Како да допреш тогаш со рака искрена рака?
На што се надеваш уште ти меѓу овие луѓе?

Секој од нив ќе најде за презир вистински мотив.
Ти се доближуваш до нив, а тие станале против.
На што се надеваш уште ти меѓу овие луѓе?

Јас имам некаква надеж само во својата среќа.
Кој знае што може сè да држи скината вреќа?
А трошка надеж ми дава и дремката на тие луѓе.

## УСПОКОЈУВАЊЕ

Сè е сторено да се пречека
тоа што било судено.
Веќе го чекам толку рамнодушно,
а сум го чекал возбудено.

И сè е на крајот веќе натокмено
со молби и клетви до небеси.
Плачејќи над други, јас
се исплакав и самиот себеси.

## ПРОЦЕП

Оваа болка нема лек –
не да се бае, не да се куша,
а може само да се трпи,
зашто е таа процеп  в душа.

За неа нема мевлем мек –
ни да ја смири добра рака,
а може само да се молчи,
и да се таи таа мака.

Неа ја носиш ти цел век –
а сега како понор зина.
Одврати поглед од таа јама:
што дошло – дошло, што мина – мина.

## ПОЛНОЌНА МИСЛА

Полноќна мисло,
поразна мисло!
Како веда си
брза
и остра како гол нож
светкав
пред да се брцне.
Го стегам в рака
и замавнувам
во себе,
право в срце.

## ГРАДИНАРОТ

*(На терасата кај Коцета во Стар Дојран)*

Градинарот со мисла и со рака
со години го градел ова катче:
и зелен свод нè наткрилува така,
низ кастрен прунус се провира патче.

И погледот низ таа рамка мека
на езеро се спушта, шари мирно;
а таму ново спокојство го чека –
на тихи водје и синило ширно.

Од таков допир и душата мачна
откинува од уплавот што клука,
од чемерот што човека го начна,

да здиви дури и ум да му штука.
И утеха во летна вечер млачна
со свежо ветре нè плиснува тука.

## НЕБЕСКА РЕКА

Една браздичка од небеската река
тече и низ мојата душа,
нејзината свежест сѐ уште ја чувствувам,
нејзиниот шум сѐ послабо се слуша.
Понекогаш дури ми се чини
дека молкнал
и дека полека водичката секнува.
Тогаш, пред крајот,
пред штура суша и пустелија,
ужас ме штрекнува.

*ДОЈРАНСКА ЕЛЕГИЈА*

## ДОЈРАНСКА ЕЛЕГИЈА

### *1. Претчувство*

Грлено гугучки ткаат
гласовен в небо јаток.
Краток е нивниот говор,
животот наш е краток.

Упорна мисла и болна
тишти во умот и рие.
Нашите патишта колнат
дека си одиме ние.

И како прав по патот,
и како гној по страги,
само гревот и стравот
по нас оставиле траги.

### *2. Разложување*

Што останува од нас
во познатиот предел,
каде што човек шетал,
каде што замислен седел?

Трагите кајшто се допрел
ги мијат дождовни капки
и млада трева расте
преку неговите стапки.

Секоја блиска лика,
и најсаканата дури,
скипнува и се губи
во нејасни контури.

*3. Навев*

Чувствувам дека ме следи
еден одамнешен ритам,
иако не одам нигде
ниту можам да скитам.

Во мене тој е зачнат,
се дипли сажен по сажен,
стапките исти се редат,
само е звукот тажен.

На незбиднатата надеж
тој постап мене ме сети.
Споменот пак се враќа,
само загаснато свети.

*4. Самрак*

Самракот истрајно брише
секоја појарка боја,
тој доработува слика
спрема замислата своја.

Сигурна рака ја движи
по небо меката четка,
тонови темни се пластат,
штира виделина светка.

Постапно така пред мракот
таа и сосем ќе спласне,
како под склопени клепки
сѐ што се видело гасне.

*5. Маглина*

Во еден нејасен вител
мислите кружат без мира,
а в гради темно клопче
од возбуди се збира.

Тоа што имало смисла,
што било порив во светов,
во нерасчленета маса
повтор се стопило сето.

И во изначална, чинам,
маглина сум се вратил –
да не знам како сум овде,
кој, кога, зошто ме пратил.

*6. Езеро*

Тогаш низ твоите водје
мониста зедов да барам,
на таа што ќе ме чека
некаде – да ѝ ги дарам.

Одамна тоа било,
сегде по светов сум акал.
Каде се сега тие
најмногу што сум ги сакал?

Јас не обвинувам други.
Па мојот спомен ги брани!
Тоа што судено било
јас не го префрлам на нив.

*7. Рибари*

Сега замислувам само
на весла рибарски плискот.
Веќе догледале очи,
чело се навело ниско.

За нова младост сега
чунчето свежина роси.
Ние сме стари и болни,
бели се нашите коси.

В сенка под мирната туја,
загледан некаде слепо,
разговор водам со врапци,
слушам од ветрето шепот.

*8. Дејател*

Тревоги тука сум биел
со дејствен збор на пророк.
А сега треба да молчам,
безвреден станува зборот.

Станува изместен зборот
во едно сматно време.
Несмела надеж нè крепи
во плодоносното семе.

О колку јадници молчат,
пред нив е изгаснат сјајот.
Неколку готови фрази
ќе ни се најдат за крајот.

*9. Песна*

Овде низ векови јачел
древниот родопски кавал,
кротел крвожедни лишки,
животна смисла давал.

Мојата песна сега
далечни тонови бара.
Зборот е обновен малку,
тагата иста, стара.

Во неа тивнува навек
јато наследени звуци.
Нам тие многу ни значат,
не и нашите внуци.

*10. Проштавање*

Збогум, пак збогум, Дојран!
Разделба нова се случи.
Само старинскиот поздрав
некако штурински звучи.

Песните – чуени сите,
сите извидени места!
Одамна младоста мина,
срамот се слеа со честа.

Упорна мисла и болна
тишти во умот и рие.
Нашите патишта колнат
дека си одиме ние.

# ЦРН ОВЕН
(1993)

*ОТПОР*

## НОВА ГОДИНА 1992

О мои предци!
Јас ве споменувам
и ви оддавам чест.
Нека се смират вашите души
под праговите и тланиците
што ги напуштил мојот род.
Да тивне подземниот плач!
О вие внуци! Ве благословувам
и ве поздравувам
со збор на блага вест.
Нека ве крепи секаде среќа,
стреловит поглед и цврст од,
вкусете животна слач!

О мои предци! О мои внуци!
Нека прогласува овој час
дека сум распнат меѓу вас.

*Посвета*
*(На Коце Солунски за неговиот*
*седумдесетти роденден – на 30 март 1992)*

О мој врсниче!
Ти мачиш иста мака,
и твојот дух си запилкува вака.

## ЛИЧНОСТ

„О стадо!
Јас не припаѓам кон тебе!“
Така си мисли еден тажен брав
дури со другите овчички
си штрпка тревичка
на лединката.

## ПЕСНА ЗА ЦРНИОТ БРАТ

Болен е, болен Црниот Брат,
и како дете паднато в кал
тој сам е таму каде што е,
и кому да му биде жал?

Кон мене крева очи тој,
а нас нѐ дели океан.
Болен е, болен мојот црн брат,
згрозен е сиот, во себе збран.

О кој ќе крикне!
Јас немам здив, –
ни збор јас имам за утеха,
ниту да кажам кој е крив.

Тој тлее таму зад хоризонтот
како на запад вечерен зрак.
И сѐ што знам е дека се спушта
меѓу нас уште потемен мрак.

## ОТПОР

Поради силниот збор, макар на непризнат јазик,
сè уште одбирам звуци на македонската лира.
Тоа е мојот штит, рамен на вашата сила,
силници! Зашто гробот со сите и вас ве збира.

Спокојство глумам пред вас дури созвучја барам
или тајновито име негде во нашиот предел.
Тоа е мојот облог во морничавата игра,
тоа е мојата мисла упорно што сум ја следел.

## МОЛИТВА ЗА УСПОКОЈУВАЊЕ

Роб на грдата мисла
пред пакости и злоби,
молитва правам да тивне
гласот што несреќи коби.
Барем во петлени зори
или во глувите доби
нека се смири малку
јанѕата што ме здроби.
Најдете спокојно место
коскиве да ми ги зглоби.

## ПОБУНА

Мислев дека сум смирен пред сите загуби земни
и дека спокојно може и крајот да се чека,
а сега од сон се штрекам негде во зорите темни,
некаква улава болка и тага од сон ме штрека.

Поарно што го снема тоа што чудесно било
и како обичен привид пред очиве што згасна, –
па кренав пред тебе раце, слепа и сурова сило,
кога ме поваса сосем и в ништожност ме пласна.

Па зошто сонот сега со мене како да спори?
Зар загубеното било сепак пред Господа свето?
Духот се предава буден, а на сон уште се бори,
затоа олкава тага, и боли затоа сето.

## ИЗНЕВЕРА

Срцето замре целото –
немало надокрај милост.
Духот го презре телото,
зашто се грози од гнилост.

В прашиште со влечугите,
од себе човек се срами.
Баравме љубов од другите,
а се напуштаме сами.

Кој да ја сети мерата,
кој да го погоди лекот,
штом докрај изневерата
значела закон на векот?

## ХРОНИКА НА ПРИЛЕП

Останавте по патот,
наши другари и браќа,
било кај Тројаци, било кај Никодин,
или на Мукос, или на Прилепец,
на Песјо Брдце, и каде не, –
испраќајќи нè
како со смешка на усните
пред да склопите очи
и следејќи нè
упорно
сè довде.

## СКАКУЛЕЦ

Жител на тревата,
се суши со секое тревче.
Шушкав,
влече скокот
по меко мевче.
Пулоок,
секогаш опнат за скок
како остра стреличка
на ситен сончев лак.
Каква напрегнатост на коленцата!
И пак, и пак!

Ноќта ја прекрива проѕирката,
свилата на кожурците.
Тој
скукулен
ѕуни, со сто струни, од свирката на штурците.

А зошто сето тоа?

**НЕБО**

Го приближуваме
да ни се причини дека е тука, пред нас, на дофат,
дека го имаме веќе под замижаните клепки –
со сите неусетни преливи и набирања,
со белите, негде-годе, облачиња
и со поработ врз планините.
Но тоа се кренало уште повисоко.

Мали се кубињата на нашите храмови
да го обгрнат во својот преграб,
ништожни спрема својата замисла,
што фрлила мрежа во воздушниот океан
а собрала од него колку што може грст да збере.
Ниски се олтарите по планинските висови,
ниски се минарињата и на султанските џамии,
да му се доближат нашите зборови.
Поарно, затоа, да тивнат молитвите без глас
долу в срце.

Осудени да бидеме постојано пред него
како пред огледало без одраз на нашиот лик, –
неговите промени
во знаци на својата судбина ги претвораме.
Страшен е молкот,
а наслушуваме порака.
Принудени сме, пред неговото величие,
да си придаваме дури и самите себеси важност,
а заправо
како на ѓурѓовденски нишалки
на неговите невидливи бранови им се предаваме
да нè лулаат и да нè носат незнајно каде.

## БУДЕЊЕ

Се засолна невиден некој
што санок ме држел во стег.
И ноќеска чемерот длабел –
навалува подлокан брег.

## СПОРЕД А. С. ПУШКИН

Не дај, Боже, од ум да се шекнам.
Дај ми, Боже, да скипнам, да секнам.

## СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН

Прво се јавија гугучки
заедно со врапчињата,
а сега ова пиленце
што прави: цип, цип, цип!

Гугање. Плипот. Кркот.

Денеска ластовиците
ќе застанат на жиците,
со празнично црцорење
да го испратат штркот.

## КАЛЕНДАР

Не како древните ѕвездочетци
загледани верно во ноќните длабочини на небото,
темни и привлечни, тајни и вечни, –
ние
само по неверните трепети на своите срца
прогласуваме љубовни седни,
придавајќи им значење.
Произволен и измамен е таквиот календар!
Место величие,
испокинати спомени
и дури презир и омраза
будат во нас тие измислени празници.

## ПРИБЕЖИШТЕ

*(На терасата кај Ивана во Стар Дојран)*

Во ова исто време, додека денот се гаси,
седиме неколку души овдека секоја вечер,
чекаме првото ветре свежеста да ја спаси,
а веќе редот се знае што може сè да се рече.

Па молкот затоа како повеќе за нас да значи; –
тогаш занесено човек своите мисли ги следи.
Молчиме ние за тоа најмногу што нè мачи,
како по договор верен секој секого штеди.

Отстрана потсмешлив злобник може дури да смета
дека нè исфрлил бранот на засолнативе места
нас, бродоломници бедни и плен на староста клета.

Но нема циникот право, – се крепи упорно честа,
со глас од младоста наша, врз една порака света.
И кога очај нè ништи, тој глас е жив во свеста.

## МРТВА ПРИРОДА

*(На терасата кај Коцета во Стар Дојран)*

Чашата веќе е празна, заштo гостинот дрчен
го испи виното веднаш и на маса ја кладе.
Пред него зрели дренки нуди послужавник срчен,
и јаболка полн ваган домаќинот му даде.

Сега и кафето стаса, баш навреме се свари,
од порцелански филџан пареа лека се крева.
Па еден спроти друг еве седат другарите стари,
тихо е, нема врапци да кренат џагор и врева.

Во чист августовски воздух трепери оваа слика,
и една длабока сенка над неа свежина шири,
и благо спокојство како од секој агол да блика.

О зошто не е така! И зошто само штири
дни напред да нè водат до крајот што нè вика?
Ни привид веќе да нема за душа да ни смири!

## ПОЧЕТОК НА ЕСЕНТА

На прва есен знаците:
нејасни сенки на друмот,
нејасен трепет на зраците,
нејасен шепот во шумот,
нејасен жал на облаците,
нејасни слики во умот.

# ЏИЏЕ

Мнозина има занаетчии,
секој спрема својата ука.

Едни
абаџии, казанџии, кондураџии,
други
ковачи, сарачи, крпачи,
трети
златари, столари, колари,
клинчари, опинчари, копаничари,
и што ти не, и какви не чуда.
Но меѓу нив разликувај џинови од џуџиња!
Занаетот го испекол докрај само тој
што умее да направи и џиџиња.
А кога некој батак ќе се сети
дека на светов има и поети,
тој од нив бара да станат
скудоумни апологети:
неговите валканици да се забошотат,
како со кадеж од темјан, со песни од хорови.
О браќа, не давајте се!
Поарно правете џиџиња од зборови!
Секој добар мајстор има право на џиџе
дури и во злодоба,
кога лошотијата ги надвишила
Кајмакчалан со Ниџе.

**ОБРОК**

Ова чаше домашна ракија
што фаќа синџир по крајот
бистра а искреста
да те стресе при првата голтка;
оваа пиперка,
само малку заруменета при врвот,
рускава под забите;
овој патлиџан црвен и сочен,
а уште цврст,
и, најпосле, ова бело сиренце,
слачно при џвакање
со корка лебец,
да ти се осоли малце плунката и душата –
имај ги како дарови од небото
за денешниот ден,
и искажи благодарност со нечујна помисла.

Можеби и утре те чека ваква наклоност.
Зошто да не?
Никогаш не се знае.

## ЧАША ЧАЈ

Крчка канчето со вода на шпоретот,
уште малку да зоврие.
Кесичката со чај чека веќе во чашата.
Ајде кажи дека тоа не е важно!
О претчувство на топлина
по старите дамари,
сè до срцето,
до левата страна на градите,
како спомен од одамнешна љубовна возбуда!
Ајде да си лишен и од тоа!

## ВНАТРЕШЕН ВИД

Како за себе реков дека видот
ми е уништен.
Но таа слушнала
и побрза да ме утеши:
„Затоа ќе се изостри
твојот внатрешен вид“.
Веднаш сфатив дека е веќе
рамнодушна.

## АНТИЧКА ТРАГЕДИЈА

Студена сенка на сцената.
Сам пред два неми кумира.
Толку ја мразам промената!
А дошло да се умира.

## УРНА

Ја склопив десната дланка
и стискам јако, цврсто,
како својата пепел
да сум ја собрал во грстот.

## ИСПУСТЕНИ

Две скукулени тела.
Две наведени чела.
Два молка.
А иста болка.

## ШАР ПЛАНИНА

И во идниот живот ќе те носам тебе
во погледот,
снежен Љуботенски вису,
зашто се плашам,
можеби безрасудно,
дека никој веќе нема да ја сети
во целата вечност
олку остро оваа бела убавина
како мене сега
во сончев неделен ден
во светиниколскиот месец.

## СЕЌАВАЊЕ ЗА ТАТКОТО

Колку е тешко да те следам, татко!

Да не пуштиш ни глас за болката,
а толку те болело!

Да не кажеш ниту збор за маките,
за немошта,
за грижите,
за горчилата –
а толку тиштеле!

## НА ПРИЈАТЕЛИТЕ

Со вас се крепев.
Тука сме. При крајот.
Па сега ли да ве потурнам,
на работ,
заради маните,
заради грешките,
за сѐ што излегло неубаво?
Не!
Јас ви проштевам
секоја слабост
и притворност,
дури пресметливост,
дури изневера, –
за да си простам и самиот себе
за една мера на човечка љубов.

## ОБНОВА

Отворете прозорци.
Отворете врати.
Да влезе свеж воздух.
Доведете млада мајка.
Доведете машко дете.
Нека го крене в раце.
Нека го прошета од соба в соба
низ сева куќа.
Да влезе живот,
како свеж воздух,
во секој зачмајан агол.

## КЛУКАЈДРВЕЦ

Клукајдрвец! Чукајдрвец!
Ковачева ука:
да чука, да клука
на висока бука.
Помеѓу два звука
слуша тој што чука:
овде звучи мазно,
овде звучи празно,
а шумата цела се одѕива разно.
Чукај чукајдрвче! Чукај клукајдрвче!
На клепало крвче,
во клунчето црвче.

## СОКОЛ

Право од небеси
се раѓа,
косо паѓа,
сива секавица,
и пак се крева косо
како брза стрела
што се погаѓа
сама себеси
самата едновремено
и убод и птица.
Полет, не тело!
Сѐ сосем цело.
Сѐ стишно.
Ништо лишно!
Сврдле од око.
Раскрилен сокол,
сив сокол на небо вишно.

## ПРЕТХОДНИЦА

Не барам збор за ова што ни се случува.
Речи го: предавство, лудост, гадост, нискост.
Секој ќе плати за својот бес.
Пустошот што те чека
јас веќе го доживеав.
Не бој се. Не е страшно.
На крајот сеќаваш дури жал и блискост.

## ПОМИРЕНОСТ

Што ми следува сега,
што ми припаѓа уште,
не можам сам да решам,
како да зашол умов, –
кажете за мене вие,
согласен сум со сè,
со сè задоволен:
дури со малку сонце
што плеќите ги топли
во ваков пролетен ден;
дури со повев на ветре
во расцутените гранки,
по мирис насетен.

## ПЛАЧ НА СТАРИЦА

### 1. Клетва

Боже, што не ме зеде веќе еднаш?
До кога ова мачење?
Зар не слушаш молби и плачки до небеси?
Ме страв
да не те фати од нив, недај Боже,
некоја моја грда клетва
во зол час.
Господ да чува и брани од грев!

### 2. Разговор со Бога

Старата рече:
Оф, Господи!
Зошто сум уште, натемà ме?
Зошто ме оставаш олку да се мачам?
А Господ рече:
Те оставам
за да ја разбереш поубаво смртта –
како нешто добро,
а не само страшно.

## ЧУВАРИ

Вие што го чувате споменот на мојата младост,
на мојот занес, на мојата смеа,
на мојот понесен збор,
знајте:
понекогаш сум толку жеден за вашата рака!
И ми се чини дека од само еден допир,
мек и мигновен,
сè би минало што ме боли,
би се сталожило,
и би здивнала мојата душа.
Но сепак стојте кајшто сте се нашле,
да не се видиме пак!
Ваша должност нека остане
да не се наруши споменот каков сум бил.
Ништо друго!

## УПЛАВ

Светка, змиски, мраз по улиците.
Снегот од кровови обвиснува
во мразулци. А што ни смислува
ќе кажат допрва капавиците.

Маглата гризе до утробата.
Ни мрзнат белите дробови.
Нѐ стега в пранги, како робови,
зимскиот уплав и прокобата.

## СПРОТИ СВЕТИ АТАНАС 1993

Зимски дену,
ми носиш црна вест!
Смртта чука со средниот прст
на нашата порта.
Како да се поништи ужасот
со тоа што човек
не може да го сфати?
Проклета слабост да се зборне.
Поживинченост, ако молчиш.

# КОМЕНТАРИ И ПРИЛОЗИ

# Ч Е Ш М И Т Е
(1984)

Пет години по „Стари и нови песни“, Конески ја објави својата нова стихозбирка „Чешмите“ („Македонска книга“, Скопје, 1984).

Започна последната деценија од животот на Конески во која тој, иако со разнишано здравје и крајно ослабен вид, кој ја отежнуваше неговата научноистражувачка работа, успеваше да оствари седум нови стихозбирки низ дотогаш невиден креативен занес. Покрај „Чешмите“, тоа се:

„Послание“, 1987
„Црква“, 1988
„Златоврв“, 1989
„Сеизмограф“, 1989
„Небеска река“, 1991 и
„Црн овен“, 1993

Стихозбирката „Чешмите“ содржи четири циклуси: „Чешмите“, „Дојрански ветришта“, „Проложни житија“ и „Симфонија“. Само првите два циклуса претставуваат продолжување на дотогашната хронолошка поетска низа, другите два или значат дополнување на она што дотогаш е зафиксирано („Проложни житија“), или се префрлуваат во друг жанр („Песни во проза“) и како такви отпаѓаат во конечната содржина на неговиот п о е т с к и опус.

*ЧЕШМИТЕ*

Циклусот „Чешмите“ содржи десет нови песни на Конески. Сите тие се во строго с о н е т н а форма.

Се објавуваат според текстот во „Чешмите“ (1984). Пронајдени се факсимили од три песни: „Кочо Рацин“, „Јуруклукот“ и „Излет“. Помеѓу нив и завршните верзии нема никакви разлики.

# ПРИЛОЗИ



Кочо Рацин

Од сонце, вода и од пот се зачна
на тоа песна звукот скриен и гласен,
музиката на мугри со ноќ мрачна
и зборот толку свој и толку јасен.

А тоа сонце е прибег на гладне
кај аргатот што трпеливо ги чека,
и нема сенка од некаде да падне,
за капка вода утробата пека.

А таа вода е бистра и ладна,
а привкусот на таа пот е горок,
и со тој привкус од душата страдна

се роди песна против гнет и порок
и збор се зачу на закана жадна,
а гласот беше на трагичен пророк.

Блаже Конески

*ДОЈРАНСКИ ВЕТРИШТА*

Сите песни од овој циклус се објавуваат според текстот во „Чешмите“ (1984).

Пронајдени се факсимили од три песни: „Есенска рамнина“, „Цвеќињата“ и „Загубени браќа“.

## ЕСЕНСКА РАМНИНА

Познати се две ракописни верзии на песнава. Дефинитивниот облик таа го добила според втората верзија.

## ЦВЕЌИЊАТА

Помеѓу ракописната и дефинитивната верзија не постојат разлики.

## ЗАГУБЕНИ БРАЌА

Помеѓу ракописната и дефинитивната верзија не постојат разлики.

# ПРИЛОЗИ


Есенска рамнина
Есенска рамнина
Возот бориња, возот бориња
низ Војводина.
несобрани, в поле, царевките.
рамнината,


како да си во оро средсело во вселената,
реч си: дишам, реч си: орам, реч си: скитам,
Дојран, 26. VII 1981.

# ПОСЛАНИЕ
(1987)

Збирката „Послание“ е најголемата стихозбирка од последната деценија. Содржи вкупно 63 текстови, поделени во два циклуса: „Послание“ и „Дневник по многу години“. Само првиот циклус означува, слично како и во „Чешмите“, хронолошко продолжување на дотогашната поетска еволуција на Конески. Текстовите од циклусот „Дневник по многу години“ се наслов на познатата книга на Конески со истиот наслов. Затоа, во завршните изданија на целокупните поетски творби, овие текстови се изземени.

*ПОСЛАНИЕ*

Сите 54 песни од овој циклус се објавуваат според текстот во стихозбирката „Послание“ (1987).

Само во следните песни авторот извршил извесни промени:

## ПО МНОГУ ГОДИНИ

Се објавува според текстот во „Собраните песни“ (1987).

Последните два стиха од песнава поетот ги изделил од целината на претходните стихови.

## ЗНАК 1 (ЗНАМЕ)

Се објавува според текстот во „Собраните песни“ (1987), каде што седмиот стих наместо: „Така тој човек“, гласи: „Така тој“.

## БРАНОВИ

Се објавува според текстот во „Собраните дела“ (1987), каде што наместо првобитните два стиха (десеттиот и единаесеттиот) кои гласеа:

„...други на седиштето лево и десно,
трети прусаат пред моите нозе...“

сега гласат:

„други прусаат пред моите нозе“, при што десеттиот стих е наполно изоставен.

Пронајдени се факсимилите на песните: „Гест“, „Малечки предмети“ (две верзии), „На покојните“ и „Помош“.

Најмногу напори поетот вложил да ја дообликува песната „Малечки предмети“ од која постојат две ракописни и една верзија на машинопис. Според последнава таа е и објавена во „Послание“.

# ПРИЛОЗИ

## Малечки предмети

Сите овие цициња,
играчиња,
ситници,
сувенири,
мали спомени за големи мигови,
мали подароци од големи пријатели,
ја губат
одеднаш
еден ден
својата магична привлечност,
својата мала и топла душа,
да станат студени парчиња.
Можеби и брестот што почнал да се суши
по ист ваков начин сетува прво
дека носи многу суви гранчиња.

# ЦРКВА
# (1988)

Стихозбирката „Црква“ е објавена во 1987 година. Сите песни во критичкото издание се објавуваат според ова издание, бидејќи во нив поетот до крајот не извршил никакви измени.

# ЗЛАТОВРВ
(1989)

Стихозбирката „Златоврв“ е објавена во 1988 година. Поделена е на четири циклуси со наслови: „Златоврв“, „Сирма“, „Дабот“ и „Скржави песни“. Воведните две песни „Љубов“ и „Вино“ остануваат надвор од оваа поделба.

Сите песни во критичкото издание се објавуваат според ова издание. Песните „Гледање во филџан“, „Поглед“, „Одлагање“, „Видување“ и „Благослов“ првобитно беа објавени во „Разгледи“, првите две во бр. 4 за 1988 г., третата во бр. 7 за 1988 г., а последните две во бр. 8–10 за истата година. Без никакви измени овие песни се внесени и во стихозбирката „Златоврв“ (1988).

## СЕИЗМОГРАФ
## (1989)

Стихозбирката „Сеизмограф“ е објавена во 1989 година. Поделена е на три циклуси: „Животен пат“, „Годишнина“ и „Занает“. Започнува со изјавата на поетот во која тој вели: „Сите овие песни се забележани во текот на последните три-четириесет дена. Само неколку од нив беа сосем грубо скицирани порано, а сега го добија својот конечен облик“.

Сите песни во критичкото издание се објавуваат во ова издание според стихозбирката „Сеизмограф“ (1989) без никакви измени, освен песните во проза „Историја“ и „Магнолија“, кои подоцна беа изземени од поетскиот опус и внесени како и другите песни во проза во корпусот на прозните текстови на Конески.

# НЕБЕСКА РЕКА
(1991)

„Небеска река“ е претпоследната стихозбирка на Конески. Објавена е во „Македонска книга“ во 1991 година. Поделена е на три циклуса: „Небеска река“, „Дојранска елегија“ и „Тажачка“. Првите два ја опфаќаат поетовата најнова лирика, последниот ги содржи петте препеви од германските поети: Клопшток, Гете, Шилер, Хелдерлин и Хајне. Тие се објавуваат во посебниот том „Препеви“ од Целокупните дела на Конески.

*НЕБЕСКА РЕКА*

Циклусот „Небеска река“ опфаќа 36 нови песни на Конески. Сите тие, без промени, се објавуваат во критичкото издание според стихозбирката „Небеска река“ (1991).

*ДОЈРАНСКА ЕЛЕГИЈА*

Циклусот „Дојранска елегија“ опфаќа 10 песни. Тие се остварени, според сведоштвото на поетот, во еден единствен ден – 23 јули 1991 г. во Дојран, освен првата „Претчувство“, напишана еден ден пред тоа – на 22 јули, и осмата песна „Дејател“, која авторот дополнително ја внесол во овој циклус.

Сите 10 песни од овој циклус во критичкото издание се објавуваат според стихозбирката „Небеска река“ (1991).

Во Архивскиот фонд на Блаже Конески при МАНУ зачуван е нотесот со факсимилите на 9-те песни од овој циклус. Во „белешката“ кон нив, најден е следниов запис на авторот:

„Овој нотес ми послужи летоска за првиот запис на ’Дојранска елегија‘ и за преводот на песната од Хајнрих Хајне ’Бојното поле кај Хестингс‘. Сега, по иницијатива и по желба на М. Ренџов, го прилагам во ракописниот фонд на НУБ ’Климент Охридски‘.

Блаже Конески, Скопје, 30.X 1991“.

# ПРИЛОЗИ



Блаже Конески

ДОЈРАНСКА ЕЛЕГИЈА

1. Предчувство

Грлени гугутки искаат
гласовен в небо јаток.
Краток е нивниот ~~вез~~ говор,
животот наш е краток.

Упорна мисла и болка
ги чисти во умот и рие.
Пајжина несигурна копнат
деца ~~што~~ си одамна ~~...~~ ние.

И како што го пашат,
и како тој го страти,
само ~~говор~~ тревот и стравот
го нас оставиле страти.

Ст. Дојран, 22. VII 1991.



2. Разнотчување

Што отскокнува од нас
во безначниот предел,
како што човек шетал,
како што ~~долго~~ замислен седел?

Играјќи кајчинот се допрел
~~Допирот негов до стебло~~
ги мијат дождовни капки
~~[illegible] кора на [illegible]~~,
и млада трева расте
~~[illegible] трева на [illegible]~~
преку неговите стапки.
~~[illegible] како што [illegible]~~.

Секоја блиска лика,
и најсаканата дури,
скитува ~~[illegible]~~ в небо, и се губи
во нејасни контури.

Ст. Дојран, 23. VII 1991.

## ЦРН ОВЕН
(1993)

„Црн овен“ е последната стихозбирка на Блаже Конески. Објавена е во скопска „Култура“, во 1993 г., последната година од неговиот живот. Во воведната белешка кон збирката, насловена „Црн овен“, поетот пишува:

„Дојде време кога не само кај други, ами и кај самиот мене, почна да се јавува мислата дека е ред веќе да молкнат моите песни. Дури бев уверен дека ’Небеска река‘ ќе биде моја последна збирка. ... Но летоска во Дојран песните пак почнаа да се множат...

Скопје, 03.02.1993 г.“

Новата стихозбирка содржи два циклуса: „Отпор“ со 36 нови песни и „Пораки од Исток“ со шест песни, варијации и препеви. Последниве се објавуваат во посебниот том „Препеви“ од Целокупните дела на Конески.

*ОТПОР*

Циклусот „Отпор“ содржи 36 нови песни, само две од нив, „Небо“ и „Внатрешен вид“ беа претходно објавени: првата во „Современост“, бр. 7–8 за 1992 г. и втората, исто така во „Современост“, бр. 9–10 за 1992.

Песната „Небо“ во збирката, наместо три има четири строфи.

Во песната „Внатрешен вид“ стиховите кои во првичната објава во „Современост“ изгледаат вака:

„Како за себе реков дека видот ми е уништен.
(...)
’Затоа ќе се изостри твојот внатрешен вид‘
Веднаш сфатив дека е веќе рамнодушна.“,

во стихозбирката се појавуваат поделени на два стиха.

Сите песни од овој циклус се објавуваат според текстот во стихозбирката „Црн овен“.

Ниту еден факсимил не е зачуван.

# ФАКСИМИЛИ
# НА НЕОБЈАВЕНИ ПЕСНИ



Црвена кничка

Нема права, нема бана
~~Ни [illegible]~~
Тажна бабо, исана ти бабо
Тадна, клета бабо-мајко
Помози бог! вели Гроздо
Дека одиш, вели Гроздо?
Скоро, Гроздо, скоро вели
Ако да бех знала, чедо
Да бех знала... да бех знала,
Мижек ли да знајал?..

Тадна, клета бабо-мајко
от вои духи, јадна бабо
откудо ја заточиша

## Слово

2

Мештрувани шаптици
Преку сињ облак
...
~~Пандури железни~~
~~Со звина [illegible] пајона как блато~~
Ударајќи по цлечи шиповски
~~Низ отрле злато под храбра спата~~
Правеше по градове уредба

Кораби да клатиме
По по сиво море

Да ги трајкам рано
Сами нем' по море

Небо с меѓтам с' покри

Тебе, кој пелера
На бранови кнеза,
Тебе, кој му зиде
На зелена ирева

Сиборна река шишка,
Која сбира в себе
Сите малки реки

07 1, 93

## Судбина

Фрлам мрежи низ гора,
венчето ќе те изберам.
Волкот в стапи се осознува,
бисери врз коскува,
Волкот риба сетлува,
со отров заматува.
Секој рибар со јадица
му дава осамдица.
Волкот ирисира сјошета,
кон облаци пошета.
Ѕвезди орел исчезна –
волк што коју се расетаа.
Беше волкот низ гора,
мрежи да ги изберам.



Песма винових лоза

Ако бацамо тешке сенке у откос
на месечини
када смо сасвим успокојени —
то није да би свежност свилбаза
била јача,
то је — да би било лепо.

~~Оне~~ Чудне смо лепе.
Онај који је хтео да нас схвати,
све је даље од људи, све је ближе
земљи.



Звукот на твојот глас



## СОДРЖИНА


| | Стр. | Коментари |
|---|---|---|
| **ЧЕШМИТЕ (1984)** | 9 | 359 |
| *ЧЕШМИТЕ* | 11 | 361 |
| Кочо Рацин | 13 | 361 |
| Чешмите | 14 | 361 |
| Пиперки | 15 | 361 |
| Јуруклукот | 16 | 361 |
| Излет | 17 | 361 |
| Мукос | 18 | 361 |
| Магла | 19 | 361 |
| Роденден | 20 | 361 |
| Сништа | 21 | 361 |
| Виновник | 22 | 361 |
| *ДОЈРАНСКИ ВЕТРИШТА* | 23 | 369 |
| Ана | 25 | 369 |
| Трактат за зачетокот на песната | 26 | 369 |
| Презир | 27 | 369 |
| Брачна песна | 28 | 369 |
| Посета на музеј | 29 | 369 |
| Копнеж | 30 | 369 |
| Песната на една певица | 31 | 369 |
| Дрвче пресадено од Кожув | 32 | 369 |
| Есенска рамнина | 33 | 369 |
| Грнчар | 34 | 369 |
| Данте | 35 | 369 |
| Цвеќињата | 36 | 369 |
| Загубени браќа | 37 | 369 |
| Че Гевара | 38 | 369 |
| Троја | 39 | 369 |
| Поразот на Даме Груев | 40 | 369 |
| Срцето на Борка Талевски | 41 | 369 |
| Дојрански ветришта | 42 | 369 |

| | | |
|---|---|---|
| **ПОСЛАНИЕ (1987)** …………………………………….. | 43 | 375 |
| *ПОСЛАНИЕ* ………………………………………………… | 45 | |
| Поезијо ……………………………………………….. | 47 | |
| Поетика ………………………………………………. | 48 | |
| На гробот на Пол Елијар ……………………………. | 49 | |
| Над секнатиот бунар ………………………………… | 50 | |
| Сенка …………………………………………………. | 51 | |
| Порака на љубимите ………………………………… | 52 | |
| По многу години ……………………………………... | 53 | 377 |
| Гест …………………………………………………… | 54 | 378 |
| Љубомора …………………………………………….. | 55 | |
| Жед …………………………………………………… | 56 | |
| Убавица ………………………………………………. | 57 | |
| Оддаденост …………………………………………… | 58 | |
| Дрвјата ……………………………………………….. | 59 | |
| Гранка ………………………………………………… | 60 | |
| Галење на пределот ………………………………….. | 61 | |
| Изненадување ………………………………………... | 62 | |
| Молчење ……………………………………………… | 63 | |
| По мразовите ………………………………………… | 64 | |
| Малечки предмети …………………………………… | 65 | 378 |
| Неминовност …………………………………………. | 66 | |
| Пресадување …………………………………………. | 67 | |
| Бавча ………………………………………………….. | 68 | |
| Птиците ………………………………………………. | 69 | |
| Бор …………………………………………………….. | 70 | |
| Флора и фауна ………………………………………... | 71 | |
| Диви гуски …………………………………………… | 72 | |
| Кукумјавка …………………………………………… | 73 | |
| Знамења ………………………………………………. | 74 | |
| Знак 1 (Знаме) ………………………………………... | 75 | 377 |
| Знак 2 (Добра вест) …………………………………... | 76 | |
| Знак 3 (Љубов) ……………………………………….. | 77 | |
| Знак 4 (Штит) ………………………………………... | 78 | |
| Бранови ……………………………………………….. | 79 | 377 |
| Ракопис ……………………………………………….. | 80 | |
| Минаре ……………………………………………….. | 81 | |
| Шепот ………………………………………………… | 82 | |
| Точка ………………………………………………….. | 83 | |
| Ноќ ……………………………………………………. | 84 | |

Децата …… 85
Будење …… 86
Возрасти …… 87
Шесто дете …… 88
На покојните …… 89 378
Мртовците …… 90
Закопот на Гуте …… 91
Дневникот на Гомбрович …… 92
Премајка …… 93
Учители …… 94
Бебе …… 95
Помош …… 96 378
Чудо …… 97
Вообразеност …… 98
Звуци …… 99
Послание …… 100

**ЦРКВА (1988)** …… 101 381
Црква …… 103
Антониј и Клеопатра …… 107
Молитва …… 109
Врапци во магла …… 110
Татко …… 111
Спомен по многу години …… 112
Читач …… 113
Помен …… 114
Претеча …… 115
Песната …… 116
Повик …… 117
Тој ден …… 118
Семејна историја …… 119
Свети Никола …… 120
Брачен пар …… 121
Подмладување …… 122
Грешни жени …… 123
Натпис на чешмата во Јован Бигорски …… 124
Жената …… 125
Убавина …… 126
Рака …… 127
Мараморен акт …… 128
Допир …… 129
Бакнеж …… 130

Разговор ............................................................ 131
Втора младост ..................................................... 132
Улавштини ......................................................... 133
Декември ............................................................ 134
Порака ................................................................ 135
Жештина ............................................................. 136
Спокој ................................................................ 137
Гугучки .............................................................. 138
Врска со животот ................................................ 139
Лето ................................................................... 140
Тажачки ............................................................. 141
Спомен ............................................................... 142
Расцеп ............................................................... 143
Миг .................................................................... 144
Суво дрво ............................................................ 145
Старци ................................................................ 146
Заштита .............................................................. 147
Ластовици ........................................................... 148
Преживување ..................................................... 149
Опит ................................................................... 150
Видело ................................................................ 151
По работ ............................................................. 152
Резигнација ........................................................ 153
Живот и смрт ..................................................... 154
Тема ................................................................... 155
Ѓорѓи Божиков ................................................... 156
Успение на Владимир Мошин ........................... 157
Васил Чипов ....................................................... 158

**ЗЛАТОВРВ (1989)** .................................................. 159 385

*На споменот на Цветанка Трпкова* ........................ 161
Љубов ................................................................ 163 387
Вино ................................................................... 164 387

*ЗЛАТОВРВ* ........................................................ 165
Златоврв .............................................................. 167

*СИРМА* ............................................................... 173
Сирма ................................................................. 175
Видение на Исаија Радев Мажовски од Лазарополе во Дебарската зандана на 8 јануари 1889 година во десет саатот пред пладне .................................. 176

| | | |
|---|---|---|
| Војводата Блаже во испустено Бирино …………….. | 178 | |
| *СКРЖАВИ ПЕСНИ* ……………………………………... | 179 | |
| Гледање во филџан ……………………………….. | 181 | 387 |
| Поглед …………………………………………….. | 182 | 387 |
| Разговор со мајката ……………………………….. | 183 | |
| Болничка соба ……………………………………... | 184 | |
| Травник …………………………………………… | 185 | |
| Почеток на денот …………………………………. | 186 | |
| Сенка ……………………………………………… | 187 | |
| Одлагање ………………………………………….... | 188 | 387 |
| Пожар ……………………………………………… | 189 | |
| Болест ……………………………………………… | 190 | |
| В зори ……………………………………………… | 191 | |
| Чување на мртовец ……………………………….. | 192 | |
| Полн циклус ………………………………………. | 193 | |
| Есенско зајдисонце ……………………………….. | 194 | |
| Селски пат ……………………………………….. | 195 | |
| Мајаковски ………………………………………... | 196 | |
| Молба ……………………………………………... | 197 | |
| Во паркот …………………………………………. | 198 | |
| Дуња ………………………………………………... | 199 | |
| Спомените ………………………………………... | 200 | |
| На сонце …………………………………………... | 201 | |
| Пензионери ……………………………………….. | 202 | |
| Совест ……………………………………………... | 203 | |
| Гробови …………………………………………… | 204 | |
| Мрша ………………………………………………. | 205 | |
| Болка ……………………………………………… | 206 | |
| Видување …………………………………………. | 207 | 387 |
| Благослов ………………………………………… | 208 | 387 |
| Маглено утро ……………………………………... | 209 | |
| Свежина ………………………………………….... | 210 | |
| **СЕИЗМОГРАФ (1989)** ………………………………. | 211 | 389 |
| *ЖИВОТЕН ПАТ* ………………………………………… | 213 | |
| Зборот ……………………………………………... | 215 | |
| Стереотипи ………………………………………... | 216 | |
| Дожд ……………………………………………….. | 217 | |
| Ода на умот ……………………………………….... | 218 | |
| Вера ………………………………………………… | 220 | |
| Очовечување ……………………………………… | 221 | |

Животен пат …………………………………………….. 222
Немош ………………………………………………… 223
Слабоста ……………………………………………… 224
Потстанар …………………………………………….. 225
Мојата песна ………………………………………… 226
Починка ………………………………………………. 227
Дивина ……………………………………………….... 228
Велигденско јајце ……………………………………. 229
Похвала ………………………………………………. 230
*ГОДИШНИНА* ……………………………………… 233
Татковина …………………………………………….. 235
Осаменост ……………………………………………. 236
Себесоздавање ……………………………………….. 237
Обврска ……………………………………………….. 238
Годишнина I ………………………………………….. 239
Годишнина II ………………………………………… 240
Поука …………………………………………………. 241
Злосторство ……………………………………….... 242
Приврзаност ………………………………………….. 243
Чекање ……………………………………………….... 244
Судбина ………………………………………………. 245
Знаме ………………………………………………….. 246
Допир …………………………………………………. 247
Птици …………………………………………………. 248
Ој Лозено! ……………………………………………. 249
*ЗАНАЕТ* ...…………………………………………… 251
Македонски поети ………………………………….. 253
Лажни пророци ……………………………………... 254
Пладне ……………………………………………….. 255
Слава …………………………………………………. 256
Мајка …………………………………………………. 257
Кнез Андреј …………………………………………. 258
Занает ……………………………………………….... 259
Суво дрво ……………………………………………. 260
Одмазда ……………………………………………… 261
Тага ………………………………………………….... 262
Промени ……………………………………………... 263
Премала ……………………………………………... 264
Вангел ……………………………………………….. 265

**НЕБЕСКА РЕКА (1991)** .................................... 267 393

*НЕБЕСКА РЕКА* ................................................ 269

На моите песни ........................................ 271 397
Хотели ........................................................ 272
На одмор .................................................... 273
Молитва ..................................................... 274
Ноќ ............................................................. 275
Станување ноќе ......................................... 276
Преображење ............................................. 277
Животот ...................................................... 278
Трајност ...................................................... 279
На мојот бастун ......................................... 280
Забрана ........................................................ 281
Немир .......................................................... 282
Студена скулптура ..................................... 283
Јасност ......................................................... 284
Себепознавање ............................................ 285
Залез ............................................................. 286
Предела ........................................................ 287
Внатрешен дијалог ...................................... 288
Напуштеност ................................................ 289
Имenден ....................................................... 290
Јасник ........................................................... 291
Темел ............................................................ 292
Преобразба ................................................... 293
Животот ........................................................ 294
Опит .............................................................. 295
Пролет ........................................................... 296
Странец ......................................................... 297
Град ............................................................... 298
Гнев ............................................................... 300
Епитаф за војникот од Сплит .................... 301
Надеж ............................................................ 302
Успокојување ............................................... 303
Процеп ........................................................... 304
Полноќна мисла ........................................... 305
Градинарот ................................................... 306
Небеска река ................................................. 307

*ДОЈРАНСКА ЕЛЕГИЈА* ........................................ 309 401
Дојранска елегија ........................................ 311 403

**ЦРН ОВЕН (1993)** ........................................ 317 407

*ОТПОР* ........................................ 319 411
Нова година 1992 ........................................ 321
Личност ........................................ 322
Песна за црниот брат ........................................ 323
Отпор ........................................ 324
Молитва за успокојување ........................................ 325
Побуна ........................................ 326
Изневера ........................................ 327
Хроника на Прилеп ........................................ 328
Скакулец ........................................ 329
Небо ........................................ 330 413
Будење ........................................ 331
Според А. С. Пушкин ........................................ 331
Свети Пантелејмон ........................................ 332
Календар ........................................ 333
Прибежиште ........................................ 334
Мртва природа ........................................ 335
Почеток на есента ........................................ 336
Џиџе ........................................ 337
Оброк ........................................ 338
Чаша чај ........................................ 339
Внатрешен вид ........................................ 340 413
Античка трагедија ........................................ 341
Урна ........................................ 342
Испустени ........................................ 343
Шар Планина ........................................ 344
Сеќавање за таткото ........................................ 345
На пријателите ........................................ 346
Обнова ........................................ 347
Клукајдрвец ........................................ 348
Сокол ........................................ 349
Претходница ........................................ 350
Помиреност ........................................ 351
Плач на старица ........................................ 352
Чувари ........................................ 353

Уплав …………………………………………………. 354
Спроти свети Атанас 1993 ………………………….. 355

**КОМЕНТАРИ И ПРИЛОЗИ** ……………………….. 357

**ЧЕШМИТЕ (1984)** ……………………………………... 361

*ЧЕШМИТЕ* ……………………………………………... 363
Прилози ……………………………………………… 367

*ДОЈРАНСКИ ВЕТРИШТА* …………………………. 371
Прилози ……………………………………………… 373

**ПОСЛАНИЕ (1987)** …………………………………… 377

*ПОСЛАНИЕ* …………………………………………... 381
Прилози ……………………………………………… 383

**ЦРКВА (1988)** ………………………………………….. 387

**ЗЛАТОВРВ (1989)** …………………………………….. 391

**СЕИЗМОГРАФ (1989)** ………………………………... 395

**НЕБЕСКА РЕКА (1991)** ……………………………... 399

*НЕБЕСКА РЕКА* ……………………………...……… 403

*ДОЈРАНСКА ЕЛЕГИЈА* ………………………...…... 407
Прилози ……………………………………………… 409

**ЦРН ОВЕН (1993)** …………………………………….. 413

*ОТПОР* ………………………………………………… 417

ФАКСИМИЛИ НА НЕОБЈАВЕНИ ПЕСНИ ………… 419